Во врска со Вашиот допис број 2-02/25 од Февруари 2025 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за ПИМ - Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, на КП.бр.1101, КО.Старо Село, Општина Јегуновце.Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа
☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☐ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа
☐ 0.4kV Подземна мрежа
☐ 0.4kV Надземна мрежа
☒ Во приложениот опфат не постојат инсталации сопственост на ЕВН

Составен дел на овој одговор не е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

**НАПОМЕНА:** Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација. Еден од условите за позитивно мислење за одобрение за градење е претходно реализирана дислокација и/или промена предвидена во постапката за е-урбанизам (услови издадени од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје)

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,
Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Mile Sareski
Digitally signed by Mile Sareski
Date: 2025.02.14 08:16:21 +01'00'

12 Февруари 2025

Архивски број:
Бр: 09-75/2

До: " ТЕПЛАН " ДОО-Тетово

Предмет: Податоци и информации, доставува,-

Врска: Ваш акт бр.2-02/25 од 10.02.2025 година
Наш акт бр.09-75/1 од 10.02.2025 година

Согласно член 53 од Законот за заштита и спасување ( Сл. Весник на РМ бр. 93/12 – пречистен текст 41/14, 129/15, 71/16, 106/16), Подрачното одделение за заштита и спасување –Тетово при Дирекција за заштита и спасување, информира:

**Почитувани,**

Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план на К.П.бр.1101 К.О.Старо Село-општина Јегуновце.**

Воедно Дирекцијата за заштита и спасување Ви доставува претходни услови за заштита и спасување кои согласно Законот за заштита и спасување - пречистен текст (Сл. весник на РМ, бр. 93/12), Проценатa на загрозеност на опфатот за кој се однесува деталниот урбанистички план, Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во технички преглед (Сл. весник на РМ, бр. 105/05) и други прописи кои ја регулираат оваа област, треба да бидат вградени при изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план на К.П.бр.1101 К.О.Старо Село-општина Јегуновце.**

Во делот **МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ,** да се опфатат следните мерки:


Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение ТЕТОВО
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale Tetovë

Ул."Љубо Божиновски – Пиш" бб
Република Северна Македонија
Rr. "Ljubo Bozhinovski - Pish" pn
Republika e Maqedonisë së Veriut

www.dzs.gov.mk
Tetovo@dzs.gov.mk

## 1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на планската документација треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област. Да се да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари согласно Правилникот за мерките за заштита од пожари ,експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РСМ бр.231/2020).

Исто така потребно е да се предвидуваат надворешни противпожарни хидранти што одговара на прописите за надворешните противпожарни хидранти во населени места и да се овозможи непрчен пристап за противпожарните возила од најмалку две спротивни страни на објектот. Растојанието на хидрантите од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5метри, а најмногу 80метри.

Потребно е да се реши меѓусебно растојание на градбите при проектирањето и изведувањето согласно Правилникот за мерките за заштита од пожари ,експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РСМ бр.231/2020);

## 2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

## 3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

При изработка на Планска Документација да се предвидат и пропишат **мерките за заштита од поплави, односно да се предвидува заштитениот појас со речното корито и другите атмосверски непогоди, истите да се елаборират во текстуалниот дел и да се прикажаат во графичкиот дел** согласно Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ” бр. 36/04, 49/04 и 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

## 4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.


Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение ТЕТОВО
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale Tetovë

Ул. "Љубо Божиновски – Пиш" бб
Република Северна Македонија
Rr. “Ljubo Bozhinovski - Pish” pn
Republika e Maqedonisë së Veriut

www.dzs.gov.mk
Tetovo@dzs.gov.mk

## 5. РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА ОД ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ КАТАСТРОФИ

Да се предвидат мерките за радиолошка, хемиска и биолошка заштита и заштита од техничко-технолошки катастрофи.

## 6. ЗАСОЛНУВАЊЕ

**Да се реши засолнувањето согласно критериумите од член 62 и 64 од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РМ бр. 93/12).- да се предвидат кај Синтезен план односно локациите и површините да се усогласат со годишните програми за заштита и спасување од општината, согласно Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РМ бр. 93/12).**

Согласно Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува планската документација, а имајќи ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (“Сл. Весник на РМ “бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.

Исто така при проектирањето да ги имате во предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл весник на РСМ број 231/2020), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

Предвидените мерки потребно е да се елаборират во текстуалниот дел и да се приложаат во графичкиот дел , не само да се препишаат од издадените Услови за заштита и спасување.

**Откако ќе ги вградите условите за заштита и спасување потребно е да ја доставите до Дирекцијата за заштита и спасување –Подрачно одделение за заштита и спасување –Тетово, за да добиете мислење за застапеност на мерките за заштита и спасување преку информацискиот систем Е-Урбанизам .**

Изработил: Natmir Selmani

**Р А К О В О Д И Т Е Л**
**Arif Arifi**

Доставено до :
-насловот
-архива


Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение ТЕТОВО
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale Tetovë
Ул. "Љубо Божиновски – Пиш" бб
Република Северна Македонија
Rr. “Ljubo Bozhinovski - Pish” pn
Republika e Maqedonisë së Veriut
www.dzs.gov.mк
Tetovo@dzs.gov.mk

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 68754
Дата: 13.02.2025

До
Друштво за просторни и урбанистички планови, инженеринг и др.
ТЕПЛАН ДОО Тетово
Ул.Д.Т.Кара бр.33/4 1220 Тетово

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Тони Илиевски, Мица Цониќ-Кепевска

Телефон +389 70 200 045; +389 70 300 292

Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, на КП.бр.1101, КО.Старо Село, Општина Јегуновце, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

**Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.**

Со почит,
Македонски Телеком АД Скопје
DEVOPS активности на оптика
и мрежи од следна генерација
По овластување на
Дејан Влаховиќ

Elizabeta Maneva
Digitally signed by Elizabeta Maneva
Date: 2025.02.17 12:05:40 +01'00'

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
**УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
**DREJTORIA PËR MBROJTJEN E TRASHËGIMISË KULTURORE**

Бр. 17-784/2
18 -02- 2025 година
Скопје

ДО
**ТЕПЛАН ДОО - ТЕТОВО**
ул. Д.Гавровски Кара бр. 33/4
1200 Тетово

Предмет: Доставување податоци
Врска: Ваше барање бр. 2-02/25 од 02.2025 година.

Во врска со вашето барање за добивање податоци за постоење на културно наследство за изработка на **урбанистички проект вон опфат на урбанистички план на КП 1101, КО Старо Село, општина Јегуновце,** Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека во границите на опфатот не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализацијата на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

Со почит,

***в.д. Директор***
***Весела Честоева***

Изработил: м-р А. Петковска 14.02.25
Проверил/Одобрил: м-р Б. Јовановска

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup
БР./Nr. 20- 695/2
19-02-2025 20 год./vit
Skopje-Shkup

До
„ТЕПЛАН“ ДОО
Ул.„Димо Гавровски - Кара“ бр.33/4
1200 Тетово

**Предмет:** Одговор на Барање

Во врска со Вашиот допис со број 2-02/25 од февруари 2025 година и број на постапка: 68754 од Е-урбанизам со кој барате податоци и информации, а кои Ви се потребни за изработка на **„Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, на КП.бр.1101, КО.Старо Село, Општина Јегуновце “,** Ве известуваме:

По разгледување на Вашето барање и доставената Ажурирана геодетска подлога, констатиравме дека проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга, на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје.

Со почит,

Помошник директор за пруги

Зоран Стојанов

Изработил: Каролина Анастасовска
Проверил: Ѓорѓи Пушев
Согласен: Дритон Руси

Ул. Јордан Мијалков бр. 50-б, 1000 Скопје. П. фах 543 | Тел. +389 (0) 23 227 903 | Факс: +389 (0) 22 462 330
Rr. Jordan Mijalkov nr. 50-b, 1000 Shkup, K. Postal 543 | Tel. +389 (0) 23 227 903 | Faks: +389 (0) 22 462 330
www.mzi.mk | e-mail:info@mzi.mk

СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ
И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

20.02 2025

**АРХИВСКИ БРОЈ:** **40 - 2528 /2**

**ДО:** **Друштво за просторни и урбанистички планови, инженеринг и др. ТЕПЛАН ДОО Тетово**

**ПРЕДМЕТ:** **Известување**

Почитувани,

Во врска со вашето **Барање на податоци и информации**, согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), за изработка **рбанистички проект вон опфат на урбанистички план, на КП.бр.1101, КО.Старо Село, Општина Јегуновце**, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ве известува со следното:

**Согласно доставената документација и увидот во истата констатирано е дека:**

**-Предметното земјиште на КП бр. 1101 за КО Старо Село, катастарска култура овоштарник катастарска класа 5, прибележани во ИЛ.бр.446 е во приватна сопственост.**

Со почит,

**Раководител на сектор**

**Жанета Горгиевска**

Изработил: Стеван Кањевиќ

Контролирал: Розе Димовска

Одобрил: Аднан Алиу


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанствона Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477 www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

3-И-0740-101_01-1

АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Северна Македонија

**Бр:** 08-2156/3
**Скопје,**
5 -05- 2025

До: **ДПУПИ „ ТЕПЛАН „ Доо-Тетово**
**Ул. Димо Гавровски –Кара бр.33/4**
**1200 Тетово**

**Предмет:** Одговор на барање

Почитувани,

Согласно Вашиот допис бр.2-02/25 од Февруари 2025год., (број на постапка 68754 во ПИМ, Е-урбанизам), а во врска изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, на КП бр1101, КО Старо Село, Општина Јегуновце, во прилог Ви го испраќаме одговорот од Подружница ХЕС „Маврово".

Прилог:
Допис од Подружница ХЕС „Маврово", бр.08-570/2 од 09.04.2025г.

Изработил: Маја Ангеловска, ,Никола Белимов
Одобрил: Звонко Кушоски

**ДИРЕКТОР ЗА РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИИ**
**м-р Владимир Пејоски, дипл.маш.инж.**

Ко:
- Архива
- Сектор за развој и инвестиции

3-И-0740-101_01-1
АД ЕЛЕКТРАНИ НАСЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
Подружница ХЕС „МАВРОВО"
Браќа Гиноски 42, 1230 Гостивар, п.фах 194, Р.С.Македонија

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА
ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ
Подружница ХЕС МАВРОВО
Бр. 08-5701 2
09-04-2025 год.
ГОСТИВАР

**ДО**
**АД „ЕСМ" – СКОПЈЕ**
**-Сектор за развој и Инвестиции**
**Ул.„11 Октомври"бр.9**
**1000 – С К О П Ј Е**

**ПРЕДМЕТ: Доставување на мислење по барање**

По добиените податоци од страна на техничките лица од Подружница ХЕС Маврово,го даваме следното мислење:

Во врска со вашиот допис со Ваш бр.08-2156/1 од 01.04.2025година доставен по електронски пат (број на постапка во Е-Урбанизам **68754**), испратен од страна на ДПУПИ „ТЕПЛАН„ ДОО – ТЕТОВО, а во врска со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, на КП бр.1101, КО Старо Село, Општина Јегуновце.

Ве известуваме дека ние како Подружница ХЕС Маврово-Гостивар немаме постојни објекти и инсталации ниту планираме во иднина.

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ
СКОПЈЕ

| Примено: 10-04-2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 2156/2 | | |

Изработиле : Ќире Пејовски,геометар

М-р Зоран Јосифоски,дипл.град.инж.

М-р Адис Џеладини,дипл.правник

Контролирале:

Томче Јаневски дипл.град.инж.

Дарко Димитриески, дипл.правник.

**Д иректор ,**
**Подружница ХЕС Маврово**
М-р Александар Левкоски,дипл.маш.инж

**-Директор**
**-Тех.Директор**
**-СПОР**
**-Градежна служба**
**-а/а**

# ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

# ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

## ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Според Законот за урбанистичко планирање, задолжителна е изработка на просторни и урбанистички планови со цел да се обезбеди порамномерен просторен развој, рационална регулација и користење на просторот, како и мрежата на инфраструктура, услови за хумано живеење и работа на граѓаните. Се предвидуваат мерки за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени разурнувања, од природни и технолошки непогоди.

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за формирање на градежна парцела со основна класа на намена А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор, на КП.бр.1101, КО.Старо Село, м.в.Старо лозје, Општина Јегуновце, се изработува согласно член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23 и 171/24), Правилникот за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и ќе содржи техничко решение со сите елементи во текстуален дел и графички прилози.

Документационата основа е изготвена врз основа на:

- Извод од Просторниот план на РМ, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. У48524 од Декември 2024 и за кои е издадено Решение за Услови за планирање на просторот од Министерот за животна средина и просторно планирање со арх.бр. УП1-15-2363/2024 од 21.01.2025година.
- Геодетски елаборат за извршени геодетски работи за посебни намени - ажурирани геодетски подлоги од страна на лиценцирана фирма за катастар, заведен во Агенција за катастар на недвижности.
- Увид на лице место од страна на стручни лица.
- Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план.
- Податоци, информации и Мислења добиени од органи на државната управа и други субјекти

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, ќе биде изработен согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24), согласно важечкиот Правилник за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22, 99/23 и 07/25) и со почитување на Закон за животната средина (сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и сл.в. на РСМ бр.171/22); и Закон за безбедност во сообраќајот (сл. весник на РМ бр.54/07, 86/08, 98/08, 64/09, 161/09, 36/11, 51/11, 114/12, 27/14, 169/15, 226/15).

## ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ПОДРАЧЈЕ

**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план** на КП.бр.1101, КО.Старо Село, м.в.Старо лозје, Општина Јегуновце, кои парцели се предмет на проектниот опфат. На катастарските парцели нема изграден објект.
Граница на плански опфат: **П= 308м$^2$**
Површина на проектниот опфат по имотен лист изнесува П=308м$^2$, заокружена вредност или согласно Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени Ажурирана геодетска подлога изработена од ГЕОПЛАН-ЈФ ДООЕЛ Тетово, каде граница на проектен опфат изнесува 308м$^2$ и е со следни координанти.

| Координати и коти на мерени детални точки | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. на точка | Y | X | H | Бр. на точка | Y | X | H |
| 1 | 7511024.24 | 4667794.48 | 930.84 | 19 | 7511028.35 | 4667773.34 | 924.30 |
| 2 | 7511030.62 | 4667788.37 | 930.13 | 20 | 7511030.32 | 4667775.18 | 925.21 |
| 3 | 7511031.45 | 4667785.39 | 930.09 | 21 | 7511031.60 | 4667778.65 | 929.40 |
| 4 | 7511023.49 | 4667779.95 | 928.43 | 22 | 7511067.17 | 4667764.65 | 928.45 |
| 5 | 7511028.36 | 4667779.11 | 928.15 | 23 | 7511068.37 | 4667767.77 | 928.52 |
| 6 | 7511019.46 | 4667782.23 | 928.51 | 24 | 7511053.98 | 4667772.24 | 930.61 |
| 7 | 7511016.41 | 4667785.09 | 928.41 | 25 | 7511055.42 | 4667775.33 | 930.18 |
| 8 | 7511018.31 | 4667787.54 | 928.53 | 26 | 7511037.96 | 4667782.34 | 929.37 |
| 9 | 7511016.54 | 4667791.32 | 928.58 | 27 | 7511040.73 | 4667786.20 | 929.22 |
| 10 | 7511007.53 | 4667792.41 | 930.25 | 28 | 7511033.39 | 4667792.02 | 930.36 |
| 11 | 7511010.44 | 4667800.68 | 928.98 | 29 | 7511027.57 | 4667798.86 | 932.28 |
| 12 | 7511008.96 | 4667799.85 | 926.83 | 30 | 7511020.81 | 4667810.33 | 934.28 |
| 13 | 7511005.82 | 4667804.56 | 928.94 | 31 | 7511016.64 | 4667809.92 | 932.88 |
| 14 | 7511007.60 | 4667805.68 | 928.69 | 32 | 7511014.28 | 4667822.39 | 932.80 |
| 15 | 7511007.04 | 4667793.69 | 925.82 | 33 | 7511018.82 | 4667822.15 | 934.45 |
| 16 | 7511008.21 | 4667789.09 | 924.92 | 34 | 7511020.57 | 4667801.19 | 930.93 |
| 17 | 7511015.50 | 4667780.13 | 925.81 | 35 | 7511019.67 | 4667796.45 | 930.60 |
| 18 | 7511022.92 | 4667776.14 | 925.62 | | | | |

Опфатот е дефиниран со следните граници:

- На исток со КП.бр.1866/1 – постопен пат;
- На север со КП.бр.1099 и КП.бр.1100;
- На запад со КП.бр.1104;
- На југ со КП.бр.1102;

## ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО ВО БЛИЗИНА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА НЕПОСРЕДНА ОКОЛИНА

Предметниот проектен опфат не е вклучен во урбанистичка документација, па затоа се изработува по добивање на:
Извод од Просторниот план на РМ, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. У48524 од Декември 2024 и за кои е издадено Решение за Услови за планирање на просторот од Министерот за животна средина и просторно планирање со арх.бр. УП1-15-2363/2024 од 21.01.2025година.
Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план е изработен согласно член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање (сл.весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24), и согласно член 58 и 62 од Правилник за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22, 99/23 и 07/25). Проектот е изработен согласно Услови за планирање на просторот од Министерот за животна средина и просторно планирање и геодетки елаборат за геодетски работи за посебни намени, ажурирана геодетска подлога изработен од ГЕОПЛАН-ЈФ ДООЕЛ Тетово, со деловоден број 07-401/3 од 22.07.2024 година со заверка во АКН со број 1110-148/2024 од 22.07.2024 година.
При изработката на предметната документација, треба да се имаат предвид следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план:

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

**Условите за планирање на просторот со наменети за куќи во состав на селски стопански двор на КП 1101, КО Старо Село, Општина Јегуновце. Површината на планскиот опфат изнесува 0,03 ha.**

**Планскиот опфат навлегува во III заштитна зона на изворот Рашче.**

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање**

**Условите за планирање** треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план за регионот на заштитните зони на изворот Рашче.**

**При изработката на предметната документација, треба да се имаат предвид следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план:**

***Економски основи на просторниот развој***

- При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за економски дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.
- **Реализацијата на документацијата документацијата со намена куќи во состав на селски стопански двор, КО Старо Село, Општина Јегуновце, , согласно определбите од "Просторниот план на Република Македонија" треба да базира на законитостите на пазарната економија и примена на релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија врз животната средина.**

***Користење и заштита на земјоделско земјиште***

- **Согласно Просторниот план на Република Македонија, просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско-стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на западниот земјоделско стопански реон со 7 микрореони.**
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

***Водостопанство и водостопанска инфраструктура***

- Просторот наменет за изградба на куќи во состав на селски стопански двор, КО Старо Село, Општина Јегуновце, припаѓа на сливот на р. Вардар. Во сливот на реката (од изворот до вливот на р. Пчиња, без р. Треска) регистрирани се 19 извори од кои најзначаен е изворот Рашче од каде се водоснабдуваат градот Скопје и приградските населби во регионот. **За заштита на извориштето Рашче донесена е „Одлука за определување на заштитни зони за заштита на водозафатниот објект извор „Рашче", мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ" (сл.весник на РСМ бр. 3/21), каде се дефинирани заштитните зони и режимот на заштита. Опфатот на комплексот се наоѓа во границата на втората заштитна зона (зона на санитарно ограничување) на изворот.** При изработката на планската документација и нејзината реализација да се почитува и применува пропишаниот режим на заштита дефиниран во Одлуката.
- Обезбедувањето на потребните количини на вода за објектите треба да биде во насока на синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода и рационално и економично користење на водата преку примена на современи технички решенија во управувањето со водоснабдителниот систем;

***Енергетика и енергетска инфраструктура***

- **Локацијата со намена куќи во состав на селски стопански двор, КО Старо Село, Општина Јегуновце, нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.**
- За електроенергетските корисници потребно е да се обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

***Урбанизација и мрежа на населби***

- **Иницијативата за изградба на куќи во состав на селски стопански двор, КО Старо Село, Општина Јегуновце, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост, повисок квалитет на услугите во окружувањето, како и уреденост на просторот, сето тоа базирано врз принципите на одржлив развој како и максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.**

***Домување***

- Основна определба во политиката за изградба **на куќи во состав на селски стопански двор, КО Старо Село, Општина Јегуновце,** во планираниот

период треба да биде реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности.

- **Иницијативата за изградба на станбени куќи во состав на селски стопански двор, КО Старо Село, Општина Јегуновце, ќе допринесе за зголемување на квалитетот на живеење во руралната средина преку внесување на нови вредности и изнаоѓање на нови можности за адекватно користење и организирање на просторот, преку современо уредување и модернизирање на стопанските дворови согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.**

***Јавни функции***

- **На предложениот простор наменет за куќи во состав на селски стопански двор, КО Старо Село, Општина Јегуновце, нема препораки и обврски за организација на јавни функции (образование, здравство, социјала и спорт и рекреација), што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.**

***Сообраќајна инфраструктура***

- **Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:**
- **А2** - Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар-Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан.
- **Релевантните регионални патни правци за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегуваат во групата на регионални патишта "Р1" и "Р2" и се со ознака:**
- **Р1203 (405)** - (Тетово-врска со А2-Вратница-гр.со Р. Косово-ГП Јажинце);
- **Р2234** - (Кучка Сарај-врска со А2-Радуша-Јегуновце-Теарце-врска со Р1203);
- **При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитува релевантната законска регулатива од областа на Сообраќајот, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.**

***Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа***

- Локацијата **со намена куќи во состав на селски стопански двор, КО Старо Село, Општина Јегуновце, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.**
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

***Заштита на животната средина***

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот со намена куќи во состав на селски стопански двор, КО Старо Село, Општина Јегуновце, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- **Предметната локација се наоѓа во III заштитна зона на изворот Рашче, заради што треба да се почитуваат одредбите пропишани во Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор "Рашче", мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ ("Службен весник на РСМ", број 3/21), кои се однесуваат на оваа зона.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Уредување на просторот со заштитно и украсно зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти.

***Заштита на природно наследство***

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, со намена куќи во состав на селски стопански двор, КО Старо Село, Општина Јегуновце, влегува во предложен за заштита Национален парк Шар Планина. Националниот парк Шар Планина е прогласен во 2021 година,**

**согласно Законот за прогласување на дел од Шар Планина за Национален парк (Службен весник на Република Северна Македонија, број 151/2021).**

- **При изработката на предметната документација, потребно е да се внимава да не дојде до нарушување на вредностите на заштитеното природно наследство и да се почитуваат одредбите согласно Законот за заштита на природата и Законот за прогласување на дел од Шар Планина за Национален парк.**
- Доколку при изработка на документацијата на предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

***Заштита на културното наследство***

- **Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[3] на подрачјето на катастарската општина Старо Село има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.**
- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точна локација на евидентираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, Законот за заштита културното наследство и важечките законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

***Туризам и организација на туристички простори***

- Предметната локација за која се наменети Условите за планирање, припаѓа на **Шарско - Полошкиот туристички регион со утврдени 3 туристички зони и 14 туристички локалитети.** Во непосредна близина на ова подрачје минува транзитен туристички коридор.
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

[3] МАНУ Скопје, 1996г.

***Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи***

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот со намена куќи во состав на селски стопански двор, КО Старо Село, Општина Јегуновце се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

***Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина***

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата на предметниот простор со намена куќи во состав на селски стопански двор, КО Старо Село, Општина Јегуновце, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

## ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, НА ПРОЕКТНИ РЕШЕНИЈА И НА НИВНОТО СПРОВЕДУВАЊЕ: ГЕОГРАФСКИ, ГЕОЛОШКИ, ГЕОМЕХАНИЧКИ, СЕИЗМИЧКИ, КЛИМАТОЛОШКИ, ХИДРОГРАФСКИ, ХИДРОЛОШКИ ПОДАТОЦИ, ПРИРОДНИ РЕСУРСИ, ЗАШТИТЕНИ ЕКОСИСТЕМИ И ДРУГО

### Физичко географски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Предметната локација за А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор, на КП.бр.1101, КО.Старо Село, м.в.Старо лозје, Општина Јегуновце, се наоѓа на северниот дел на Општина Јегуновце на надморска височина од 930м.

### Климатолошки карактеристики

Климата на ова подрачје е умерено континентална, со релативно изедначена влажност преку целата година, која изнесува 74%. Маглите не се ретка појава. Ветровите се преку цела година, а најчесто во пролет со брзина од 0.6м/сек, а честотата е најголема од север 220‰ и северозапад 76‰ и североисток 90‰. Просечната годишна температура изнесува 10.8°C, просечен годишен минимум е 4.9°C, а просечен годишен максимум 16.7°C. Просечен мразен период трае 167дена, а денови со снег има 43дена. Овој број на денови е многу поголем со оглед на надморската височина. Просечно годишно паѓаат 724.3мм врнежи, 87 ведри денови, 154 облачни денови и 124 тмурни денови.

### Сеизмолошки карактеристики

За подрачјето на општината и непосреднотот окружување пресметан е долгорочниот максимален степен на очекувани земјотреси, кој изнесува 8° по МЦС скала. Бидејќи не постои сеизмичка микрореонизација за овој простор, меродавна е картата на макросеизмичка реонизација. Природно нестабилните и сеизмички неповолните терени - местата каде се сменуваат геолошките формации, треба да се исклучуваат од градежните зафати, а за поголемите инвестициони објекти потребно е извршување на детални инженерско - геолошки и сеизмолошки истражувања на теренот.

Сложените тектонски движења често се пратени и со магматски движења со различна старост.

Во зоната преставува голем длабински разлом, вдолж која се во текот на целата еволуција збивани различни тектонски и магматски движења.

Ова го наведуваме заради фактот што во сезмички активните региони ефектите и последиците од земјотресите можат мошне сериозно да се рефлектираат врз одредени животни ресурси, но и потенцијален генератор за загадувања.

## ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА НАЧИНОТ НА ЧОВЕКОВАТА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТЕНОТ ОПФАТ: КУЛТУРНО, ИСТОРИСКИ, ДЕМОГРАФСКИ, ЕКОНОМСКИ, СТОПАНСКИ, СООБРАЌАЈНИ, СОЦИЈАЛНИ И ДРУГИ ЧИНИТЕЛИ

Подрачје на предметниот проектен опфат и неговата непосредна околина не е урбанизирано земјиште, ниту пак било предмет на урбанизација.

### Културно-историско значење и културни предели

Согласно дописот издаден од Министерство за култура е доколку при изведувањето на земјаните работи дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјална култура на РМ, изведувачот е должен веднашда ги прекине работите и да ја извести Управа за заштита на културното наследство – Скопје, да постапи согласно со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културно

наследство (сл. весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

**Население**

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на населението.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно- временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека популацискатa политика преку систем на мерки и активности треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне оптимализација во користењето на просторот и ресурсите, хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

**Економски**

Проектното решение за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план треба да ги оправда економските барања на инвеститорот ќе биде во функција на развој на туризмот во локалната економија, треба да се базира на законска регулатива од областа на заштитата на животна средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија врз животна средина.

**Сообраќај и врски**

Комуникациската мрежа на РСМ, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Републиката, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за екстерното поврзување на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за интерното поврзување во државата односно планирање и развој на патната мрежа на РСМ се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со “Е” ознака на патиштата, на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој.

Мрежата на патишта “Е” ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: Е-65, Е-75, Е-850, Е-871.

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат регионалните патишта,

што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Републиката.
Регионален патен правец за предметната локација според ПП на РМ влегуваат во групата на регионални патишта ,,Р1,, и ,,Р2,, и се со ознака:
- Р1203 (405) - (Тетово-врска со А2 – Вратница-гр со Р. Косово – ГП Јажинце).
- Р2233 - (Клучка Сарај - врска со А2 – Радуша – Јегуновце – Теарце – врска со Р1203).

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Републиката, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.
При планирање да се почитува Законот за јавни патишта (Сл. весник на РМ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

**Телекомуникациска мрежа**

*Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа*

Радиокомуникациска мрежа е јавна електронска комуникациска мрежа со која се обезбедува емитување, пренос или прием на знаци, сигнали, текст, слики и звуци или други содржини од каква било природа преку радиобранови. Основни елементи на примопредавателниот систем се: антените, антенските столбови, водови, засилувачи и друго.
Јавните електронски комуникациски мрежи треба да се планираат, поставуваат, градат, употребуваат и слично под услови утврдени со Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него, прописите за просторно и урбанистичко планирање и градење, прописите за заштита на животната средина, нормативите, прописите и техничките спецификации содржани во препораките на Европската Унија.
Изложеноста на јавноста на нејонизирачко електромагнетно зрачење со пуштањето во работа на антенски систем не треба да ги надминува вредностите пропишани со Упатството за гранични вредности при изложеност на нејонизирачко зрачење издадено од Меѓународна комисија за заштита од нејонизирачко зрачење (ICNIRP – Internacional Commission on Non-Ionizig Radiation Protection). Агенцијата за електронски комуникации врши контрола со мерење на нејонизирачкото електромагнетно зрачење, со цел да ја утврди усогласеноста на антенските системи со граничните вредности.
Оператори на мобилната телефонија во Републиката се: М-Телеком, А1 Македонија, Телекабел и Лајкамобајл. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на: региони, општини, населени места, подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.), сообраќајна и транспортна инфраструктура.
- Подготовка на проекти за развој на мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот.
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Овој регион покриени е со сигнал на мобилна телефонија на мобилните оператори.
Кабелска електронска комуникациска мрежа - се користи за дистрибуција на јавни електронски комуникациски услуги до крајниот корисник. Пристапниот дел на мрежата е изграден од кабли (од бакарни парици, коаксијални, хибридни коаксијално-оптички и/или оптички) и придружни дистрибутивни и изводни точки: канали, цевки, кабелски окна/шахти, надворешни ормари и др.
Јавната кабелска електронска комуникациска мрежа и придружните средства треба да се планираат, проектираат, поставуваат и градат на начин кој нема да ја попречува работата на другите електронски комуникациски мрежи и придружни средства, како ни обезбедувањето на другите електронски комуникациски услуги.
Изградбата на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства треба да се обезбеди:

- заштита на човековото здравје и безбедност,
- заштита на работната и животната средина,
- заштита на просторот од непотребни интервенции,
- заштита на инфраструктурата на изградените јавни електронски комуникациски мрежи,
- унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните електронски комуникациски мрежи со воведување на нови технологии и услуги, а особено со воведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи.

АД "Македонски Телекомуникации" и останатите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни комуникациони услуги, јавни говорници и др. Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената електронска комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.
Телефонските корисници во ова подрачје во електронско комуникацискиот сообраќај приклучени се преку телефонската централа во Тетово.
Операторите на јавна кабелска електронска комуникациска мрежа треба да обезбедат можност за широкопојасен пристап до услуги (broadband) со големи брзини на: 100% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 30Мbps и најмалку 50% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 100Мbps.

**Инвентаризација на земјиштето во проектниот опфат, изградениот градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и инсталации во рамки на проектниот опфат**
За целосно согледување на постојната состојба, во границите на опфатот извршени се детални истражувања на просторот.
Истражувањата на локалитетот се извршени по пат на:
- директен увид на теренот и
- директна комуникација со корисниците на просторот.

При увидот на лице место, согледано е дека просторот е градежно неизграден и затоа треба програмски да се осмисли и испланира за реалните потреби.
На геодетската подлога, изработена од овластена фирма ажурирана е состојбата на просторот, со сите свои параметри на поставеност, димензии и висински точки на предметната локација и нејзината околина.
Предметниот проектен опфат е со површина од 308м$^2$ со намена:
Условите за планирање на просторот се со намена Домување во состав на селски стопански двор, на КП.бр.1101, КО.Старо Село, м.в.Старо лозје, Општина Јегуновце.
Во граница на проектен опфат нема евидентиран објект.

**Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура**
Побарани се податоци и информации согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ, бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24), за предметниот проектниот опфат и Согласно добиените дописи од страна на надлежните институции, евидентирано е следно:

➢НОМАГАС **-** Според Известувањето на НАМОГАС АД Скопје, допис бр.08-816/2 од 10.02.2025год., на предметниот проектен опфат нема изградено ниту планирано гасоводна мрежа.

➢ АЦВ - Со добиените дописи од Агенцијата за Цивилно Воздухопловство со тех бр.12-8/098 од 10.02.2025год. утврдија дека во проектниот опфат се наоѓа вон зона на било кој аеродром, леталиште или воздушен уред.

➢ МЕПСО - Согласно допис од МЕПСО бр.11-941/1 од 11.02.2025 година проектниот опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во нивна сопственост на АД МЕПСО.

➢Електроенергетска мрежа - Согласно допис од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр.10-55/6-54 од 14.02.2025год. Во приложениот опфат не постојат инсталации сопственост на ЕВН.

➢ДЗС - Со добиените дописи од ДЗС - Подрачно одделение Тетово со бр:09-75/2 од 12.02.2025год. со податоци и информации.

➢ТТК - Согласно допис од Македонски Телеком АД бр.68754 од 13.02.2025год. во проектниот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

➢Министерство за култура РСМ – Согласно допис од Управа за заштита на културното наследство – Скопје со бр.17-784/2 од 08.02.2025год. не постои заштитено добро ниту добра за кои основано се претпоставува дека претпоставуваат културно наследство.

➢ЈПЖИ- Железници на РСМ - Согласно допис бр. 20-695/2 од 19.02.2025год. добиен од ЈПЖИ- Железници на РСМ – Скопје, во границата предметниот плански опфат на УП констатираат дека планскиот опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничка пруга, на предметниот опфат нема планирани и постојни инсталации и објекти.

➢МЗШВ РСМ - Со добиените дописи од Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост – Скопје со бр.40-2528/2 од 20.02.2025год. добиени од Министерство се во приватна сопственост.

➢ЕСМ - Со добиените дописи од Ад електрани насеверна Македонија – Скопје, со допис бр. 08-2156/3 од 05.05.2025 година и со допис бр. 08-570/2 од 09.04.2025 година, известува дека на посочената локација нема постојни објекти и инсталации, ниту планират во иднина.

Други податоци и информации, за постојни и планирани инсталации не се Добиени.

**Анализа на можностите за иден просторен развој**

Анализирајќи ги претходно изнесените факти се доаѓа до одредени заклучоци кои претставуваат смерница за планирање на предметниот опфат.

Анализата на можностите за просторен развој го условува планирањето кое треба да биде сегментирано и базирано врз:

- приоритети и потреби;
- корелативни мултидисциплински меѓусебни условености;
- комплементарност;
- економска исплатливост;
- Во дефинирање на планскиот концепт важни се следните критериуми исцрпени од анализата на просторот;
- Дефинирање на трасата на водоводот;
- Рационално планирање на земјиштето;
- Задоволување на современите норми за живеење и работа во рамките на важечките норми за урбанистичкото планирање;
- Урбанистичко-проектната документација ќе биде работена врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со Закон за урбанистичко планирање (сл.в. на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24) и Правилникот за урбанистичко планирање (сл. в. на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25) и како и согласно член 45-а од Законот за градење (сл.в. на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11,54/11,13/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20, 279/20, 277/22 и 111/23).

При уредувањето на просторот со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, ќе се организира распоред на активности за да се усогласат барањата кои ги поставува одржливиот туристички развој и современиот третман на заштитата.

При тоа ќе се почитуваат и применат мерките за заштита на природното и културно наследство, како и ограничувањата кои произлегуваат од режимот на заштита, за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатабилните функции, почитувајќи ги принципите:

- почитување и валоризација на културното и градителско наследство;
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот;
- оформување на амбиентални целини;

- почитување и надградување на пејсажните вредности;
- вградување заштитни мерки;
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето;
- предвидување мерки за заштита и спасување;
- вградување на соодветна инфраструктура;
- чиста животна средина;

**Заклучни согледувања врз основа на документациона основа**

Како резултат на аналитичко истражувачкиот процес на постојната состојба, констатирано е следното:

Од анализата на постојната состојба произлегува:

- потребно е планирање на земјиштето согласно новите согледувања во поглед на намената на овој простор, според извод од просторниот план на РМ.
- Ефикасната инфраструктурна опременост на овој дел од РМ, треба да биде фактор за гравитациско влијание и поврзаност со поширокото опкружување.
- Иницијативата за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, во овој регион е во функција на концептот, кој нуди подобра повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот.
- Потребно е оптимално димензионирање на капацитетите на комуналната инфраструктура.

**Извод од план од повисоко ниво**

За предметниот проектен опфат како показатели користени се одредбите од Услови за планирање на просторот, изработени од страна на Агенцијата за планирање на просторот, со тех. бр. У48524 од Декември 2024 и за кои е издадено Решение за Услови за планирање на просторот од Министерот за животна средина и просторно планирање со арх.бр. УП1-15-2363/2024 од 21.01.2025година.

Изработката на Урбанистичкиот проект би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Примената на принципите и стандардите за одржлив развој произлегуваат од посебното значење на овие регионални просторни планови кои се карактеризираат со чувствителноста на просторот и високата вредност на природните и создадени вредности.

Условите за планирање на просторот, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилози, или прилози кои ги прикажуваат решенијата на УП вон опфан на УП.

Во конкретниот случај Условите за планирање на просторот ја опфаќаат површината во рамки на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за, КО.Старо Село, м.в.Старо лозје, Општина Јегуновце.

Предметната локација зафаќа површина од 0.03ха.

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

# УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

**со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор на КП 1101, КО Старо Село**

**ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ**

**КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Тех. бр. Y48524

Скопје, декември 2024

**УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ**

**со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор на КП 1101, КО Старо Село**

**ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ**

**КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Барател: Општина Јегуновце

Тех. бр. Y48524

Раководител на задачата:
Валентина Христова Стефановска, д.н.

Valentina Hristova Stefanovska
Digitally signed by Valentina Hristova Stefanovska
Date: 2024.12.13 09:45:43 +01'00'

Раководител на сектор за просторно планирање:
д-р Душица Трпчевска Анѓелковиќ, д.и.а.

Dushica Trpchevska Angjelkovikj
Digitally signed by Dushica Trpchevska Angjelkovikj
Date: 2024.12.24 14:02:46 +01'00'

Агенција за планирање на просторот
Директор

Andrijana Andreeva
Digitally signed by Andrijana Andreeva
Date: 2024.12.25 09:36:08 +01'00'

м-р Андријана Андреева, д.и.а.

Скопје, декември 2024

# УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
## со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор на КП 1101, КО Старо Село
## ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на Општина, на општините во градот Скопје и на градот Скопје, како и со урбанистички планови за населените места и **друга документација за планирање и уредување на просторот**, предвидена со закон. За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој

член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **решение за услови за планирање на просторот.**

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

**Во конкретниот случај, Условите за планирање на просторот се наменети за куќи во состав на селски стопански двор на КП 1101, КО Старо Село, Општина Јегуновце. Површината на планскиот опфат изнесува 0,03 ha.**

**Планскиот опфат навлегува во III заштитна зона на изворот Рашче.**

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

Во 2003 година, Собранието на Република Македонија го усвои **Просторниот план за регионот на заштитните зони на изворот Рашче**, како регионален план преку кој се спроведува, односно имплементира Просторниот план на Републиката.

Изворот Рашче, кој се наоѓа на 17 km западно од Скопје, е значаен за водоснабдување на градот Скопје и околните населби. Од вкупниот број на жители во градските и приградските населби, од градската водоводна мрежа, односно од изворот Рашче се водоснабдуваат 84%.

Специфичната геолошка, геоморфолошка и хидрогеолошка структура во пределот на подрачјето што претставува зона на хранење на изворот Рашче, овозможува подземно акумулирање на карстна издан и создава природен феномен со особена вредност и општествено значење. Врз основа на анализите на билансот на водите во Полог и изворот Рашче, извршени во период од 1969 - 1973 год. утврдена е директна зависност на порастот на водите во басенот на изворот од атмосферските врнежи, протоците на река Вардар на потегот од водомерната станица во с. Раотинци до водомерната станица во с. Јегуновце и од протоците на Шарските притоки на р. Вардар.

Врз основа на **Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор "Рашче", мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ ("Службен весник на РСМ", број 3/21), утврдени се четири заштитни зони**:

**Прва потесна заштитна зона** (зона на строг санитарен надзор) која го опфаќа изворот Рашче со каптажите 1 и 2, потоа водозафатните објекти со сите придружни објекти, дренажни галерии, електро опрема, бетонска комора, пумпна станица, бетонски канал за одведување за вишокот на вода, канал за дренирање на површинските води како и објект за надлежен чувар во период од 24 часа во текот на денот. Зоната е прописно уредена и оградена со заштитна жичана ограда прицврстена за бетонски столбови во сите правци околу зафатот на изворот "Рашче";

**Прва поширока заштитна зона** го опфаќа подрачјето на Долен Полог, кое е во непосредна врска со масивот Жеден;

**Втора заштитна зона** (зона на санитарно ограничување) го опфаќа просторот на Долен Полог од каде се врши активно прихранување на Жеденската

акумулација, ја опфаќа Дервенска клисура и ободот на Скопска котлина, движејќи се низ сливното подрачје на изворот;

**Трета заштитна зона** (зона на хигиенско - епидемиолошко следење и набљудување) го опфаќа просторот на поширокото сливно подрачје, од билото на Шар Планина, движејќи се по државната граница, преку Вардар и ободот на Скопската котлина, по билото на Сува Гора, делови на Бистра, Ничпурска планина, преку Враца и Рудока, повторно до Шар Планина.

**Условите за планирање** треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ, обработени во **Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план за регионот на заштитените зони на изворот Рашче**.

***Основни определби на Просторниот план***


Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата и **обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји**. Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Во инвестиционите одлуки за материјалното производство, стриктно се почитуваат локациските, техничко-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.

Една од основните цели на Просторниот план се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство и **лоцирање на преработката на простори врзани со местото на одгледување или искористување**. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење**, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.


Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на **унапредувањето и заштитата на животната средина.** Состојбата на животната средина и еколошките барања се важен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

# Местоположба на локацијата и ружа на ветрови




Општинска граница

Катастарска граница



***Природни и климатски карактеристики***

**Природните карактеристики** на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошките, педолошките, хидрографските, сеизмичките, климатските и др.

Предметната локација за кој се издаваат Условите за планирање на просторот во КО Старо Село, Општина Јегуновце се наоѓа западно од населеното место Старо Село на надморска височина од 930 метри.

Климата во ова подрачје е **умерено континентална**, со релативно изедначена влажност преку цела година, која изнесува 74%. Маглите се ретка појава. Ветровите дуваат преку целата година, а најчесто во пролет со брзина од 0,6m/sek. Честотата е најголема од север со 220‰, северозапад со 76‰ и североисток со 90‰. Просечната годишна температура изнесува 10,8$^0$C, со просечен годишен минимум од 4,9$^0$C и просечен годишен максимум 16.7$^0$C. Мразниот период во просек трае 167 дена, а денови со снег има 43. Овој број на денови е многу поголем со зголемување на надморската височина. Просечно годишно паѓаат 724,3 mm врнежи. Во текот на годината во просек има 87 ведри денови, 154 облачни денови и 124 тмурни денови.

**Полошка Котлина** - Се наоѓа меѓу Шар Планина, Буковик, Сува Гора и Жеден. Се протега во правец североисток-југозапад, а е поделена на Горни Полог - гостиварскиот дел и Долни Полог - тетовскиот дел. Котлината зафаќа вкупна површина од 1475km$^2$ и се наоѓа на надморска височина меѓу 300 и 2747m. Само рамнинскиот дел зафаќа површина од 33200ha и се простира меѓу 400 и 600m надморска височина, односно има просечна надморска височина од 500m. Полошката котлина е затворена од сите страни, со исклучок кон источниот раб каде по долината на Вардар, низ Дервенската Клисура и прегрaбенската долина, односно Колдрми Богаз комуницира со Скопската Котлина.

Според настанувањето таа е тектонска потолина која во олигомиоценот се спуштила по должината на раседите под Шар Планина и оние под Сува Гора и Жеден. Кон котлинското дно планините се спуштаат со стрмни отсеци.

Појавите на езерски глини кај с. Желино и езерските тераси како Балтепе над Тетово и оние кај Сараќино и Желино зборуваат за езерската фаза низ која поминала Полошката Котлина. По истекувањето на Полошкото Езеро започнала флувијалната фаза за време на која Вардар го издлабил своето корито. Истовремено своите корита ги издлабиле и неговите шарски притоки, натрупувајќи го речниот нанос во вид на пространи брановидни плавини по целото подножје на Шар Планина.

Основниот почвен тип во Полошката Котлина се делувијалните почви. Тие зафаќаат површина од 24500ha. Генетски тоа се млади почви и секоја година се обновуваат со наноси од пороите и рекичките. Го покриваат целиот западен и северозападен дел од котлинското дно, а на места се протегаат по целата површина на Полог допирајќи се до текот на Вардар. На овој тип почви со голем

успех се одгледуваат овошните дрвја (посебно јаболки), виновата лоза, градинарските култури (посебно пиперки и зелка), житата и тутунот .

Црвениците кои генетски се најстар тип на почва зафаќаат површина од околу 4000ha и се распространети во атарите на селата Здуње, Дебреше, Врапчиште, Долно Палчиште и други. Во североисточниот дел од котлината во атарот на с. Нераште на овој тип почва мошне добро успева и се одгледува тутунот и виновата лоза.

Од двете страни по течението на реката Вардар низ Полошката Котлина, во близина на речното корито се простираат алувијалните почви. Зафаќаат површина од 3620ha и поради излевањето на водата често се пренапластуваат. На овој тип почва успешно се одгледуваат пченка, грав, шеќерна репка, крмни растенија и бели жита.

Во аграрен поглед, Полошката Котлина е поделена на три реони. Првиот ги зафаќа најниските падини на Шар Планина и дел од Полошката рамнина. Се протега на простор од околу 20000ha, а се специјализирал за градинарско производство и овоштарство. Овде се прочуени пиперките од Речица, кромидот од Бањица и гравот од Палчиште. На падините на Шар Планина на надморска височина од 600 до 800m се јавуваат густи природни комплекси на костени и ореви. Вториот реон е изразито рамничарски и се протега низ целата котлина од левата страна на Вардар. Зафаќа површина од околу 11000ha. Тоа е житарско-овоштарски и сточарски реон. Се одгледуваат пченка, пченица, крмни растенија и јаболка. Третиот реон ги зафаќа површините од десната страна на р. Вардар, се до подножјето на Сува Гора и Жеден. Овде обработливите површини се ограничени и зафаќаат околу 2500ha. На нив главно се одгледува тутун и винова лоза. Податоците се од мерната станица во **Тетово.**

***Економски основи на просторниот развој***

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на производните и услужни дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во “Националната стратегија на економскиот развој”, определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на економските дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Република Македонија во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори во Државата.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со развојот на економијата и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Тетово со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условите за планирање.

Половите на развој ги формираат оските на развојот условени од географските карактеристики на просторите, т.е. релјефот, теченијата на реките, потоа деловните односи, комуникациите, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Р Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за општината на чиј простор се наоѓа локацијата за која се наменети Условите за планирање е "Северната развојна оска" која се формирала по Втората светска војна до денес, во северниот и западниот дел на државата и ги поврзува градовите: Крива Паланка - Куманово - Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Охрид - Струга. Во современите промени, оваа оска продолжува на исток кон Ќустендил – Р Бугарија и на запад кон Елбасан - Р Албанија.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во регионот и интегрален просторен развој на Државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производните и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, **заштита на природните и создадени ресурси и богатства**, сообраќајно и информатичко поврзување, **локациона флексибилност** и почитување на објективните фактори на развојот.

**Реализацијата на документацијата со намена куќи во состав на селски стопански двор, КО Старо Село, Општина Јегуновце согласно определбите од "Просторниот план на Република Македонија" треба да базира на законитостите на пазарната економија и примена на релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија врз животната средина.**

### *Користење и заштита на земјоделско земјиште*

**Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште** е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;

- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на теренитe каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети.

**Согласно Просторниот план на Република Македонија, просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско-стопански реони и 54 микрореони.**

**Предметната локација припаѓа на западниот земјоделско стопански реон со 7 микрореони.**

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

***Водостопанство и водостопанска инфраструктура***

Планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот согласно Просторниот план на Р. Македонија треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на водата. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Републиката е сиромашна со вода. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за „воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и за заштитата на живиот свет.

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): ВП „Полог", „Скопје", „Треска", „Пчиња", „Среден Вардар", „Горна Брегалница", „Средна и Долна Брегалница", „Пелагонија", „Средна и Долна Црна", „Долен Вардар", „Дојран", „Струмичко Радовишко", „Охридско - Струшко", „Преспа" и „Дебар". Оваа поделба

овозможува пореално да се согледаат расположивите и потребните количини на вода за одреден регион.

Просторот со намена куќи во состав на селски стопански двор, КО Старо Село, Општина Јегуновце, се наоѓа во водостопанското подрачје (ВП) „Полог" кое го опфаќа сливот на реката Вардар, од изворишниот дел до водомерниот профил „Радуша". На ВП „Полог" припаѓа и сливот на реката Горна Радика со притоките зафатени со хидроенергетскиот систем „Маврово".

Во сливот на р. Вардар (од изворот до вливот на р. Пчиња, без р. Треска) регистрирани се 19 извори од кои најзначаен е изворот Рашче со штедрост $Q_{ср/год}$=4,15m$^3$/s. Од изворот Рашче се водоснабдува градот Скопје и приградските населби во регионот.

**За заштита на извориштето Рашче донесена е „Одлука за определување на заштитни зони за заштита на водозафатниот објект извор „Рашче", мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ" (сл.весник на РСМ бр. 3/21), каде се дефинирани четири заштитни зони:**


- Прва потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор);
- Прва поширока заштитна зона;
- Втора заштитна зона (зона на санитарно ограничување);
- **Трета заштитна зона** (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување);

**Предметниот опфат се наоѓа во границите на третата заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) на изворот Рашче.**

Во третата заштитна зона на изворот се забранува:

- Испуштање на непрочистени отпадни води, нафта и нафтени деривати, киселини и други штетни, опасни и радиоактивни материи;
- Депонирање на отпад надвор од организирани, обезбедени и контролирани депонии;
- Било какви индустриски, хемиски, металуршки и рударски депонии на опасен и штетен отпад;
- Складирање на радиоактивни материи;
- Нерегулиран транспорт и нерегуларно складирање на: киселини, масла, отровни, опасни, штетни материи;
- Изградба на септички јами, освен водонепропусни септички јами на локации каде не постои инсталирана канализациска мрежа;
- Неконтролирана сеча на шума;
- Изградба на индустриски комплекси кои во технолошките процеси користат опасни и штетни материи, освен со примена на построги мерки на заштита, исполнување на посебни услови и доколку со стручна експертиза се докаже дека нема да има штетно влијание врз квалитетот на подземните води согласно прописисте за животна средина и прописите за безбедност и квалитет на вода за пиење;
- Директно испуштање на отпадните води во отворените водотеци во третата заштитна зона се дозволува само откако ќе бидат пречистени според

# Местоположба на локацијата во однос на границите на заштитните зони на изворот Рашче




Државна граница

граница на 1-ва потесна з.з. на изворот Рашче

граница на 1-ва поширока з.з. на изворот Рашче

граница на 2-ра з.з. на изворот Рашче

граница на 3-та з.з. на изворот Рашче

критериумите за површински водотеци од II класа, согласно критериумите дадени во законските прописи и други плански акти;

- Не треба да се вршати други видови на активности и дејности кои го загрозуваат квалитетот и квантитетот на подземните води;
- Во третата заштитна зона може да се спроведуваат мерки за одгледување, нега и обнова на шумите, пошумување на насади за обнова на шуми и пошумување на голини за заштита од ерозија, од страна на ЈП „Национални шуми“.

При обезбедувањето на потребните количини на вода за станбените куќи во состав на селски стопански двор, потребна е примена на мерки кои ќе овозможат квалитетно и економично водоснабдување, но истовремено и заштита на водите преку:

- Дефинирање на заштитни зони на изворникот за водоснабдување и дефинирање на режим на заштита во зоните (доколку се користи независен изворник, односно објектите не се приклучат на водоснабдителната мрежа на градот Тетово);
- Синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода;
- Рационално и економично користење на водата преку примена на современи технички решенија во управувањето со водоснабдителниот систем;

Доколку за водоснабдување се користат подземни води динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација. Експлоатацијата на подземните води да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со кои ќе се дефинираат нивниот квантитет и квалитет.

Еден од основните приоритети во заштитата на животната средина е заштита на квалитетот на површинските и подземните води. За да се заштитат површинските и подземните води од загадување со отпадни води потребно е стриктно спроведување на принципот на „заштита на квалитетот на водите на самите извориштa на загадување“ преку:

- Изградба на сепарациски канализациски систем во границите на планскиот опфат;
- Почитување на „Одлука за утврдување на границите на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерките за заштита”, односно квалитетот на отпадните води пред да се испуштат во реципиентот да одговара на II класа во согласност со „Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води”;

***Енергетика и енергетска инфраструктура***

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р.Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Републиката. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во Републиката над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрувањето на енергетската ефикасност. Европската регулатива "Европа 2020" за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значаен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Републиката досега има 400 kV преносни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила) а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

**Локацијата со намена куќи во состав на селски стопански двор, КО Старо Село, Општина Јегуновце, нема конфликт со постојните и планирани преносни водови кои минуваат далеку од оваа локација.**

*Гасовод*

**Природниот гас**, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Р.Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-СМакедонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во РСМакедонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Р.Македонија но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изгради делница-5 Скопје-Кичево со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион.

**Трасата на планираниот гасовод од делница-5 минува далеку на југ од предметната локација.**

***Население***

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популацискатa политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптималзација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

***Урбанизација и мрежа на населби***

**Урбанизацијата** како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Северна Македонија. Под поимот урбанизација се подразбира во прв ред развој на градовите изразен со порастот на нивното население , социјалните и политички функции и во изградбата и уредување на нивните просторно физички структури. Во поширока смисла урбанизацијата го опфаќа и развојот на руралните населби и простори кој е резултат на промените кои водат кон намалување на разликите помеѓу градот и селото.

Концептот на развојот и уредувањето на селските подрачја за основа ги има целите со кои е предвидено:

- Сеопфатен, рамномерно територијално распределен развој на целата територија;
- Интензивирање на функционалните врски во доменот на стопанството и услугите помеѓу соседните центри со координирано, заедничко организирање на активностите;

- Создавање услови за непречено вршење на основните човекови активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој;
- Стимулирање на развојот на основните дејности преку активирање на локалните потенцијали, оптимално искористување на природните погодности и осовременување на производството;
- Подобрување на животните услови преку плански насочено уредување на населбите и целосно опремување со елементи на комунална инфраструктура;
- Интегрално планирање на развојот на населените места и организација, уредување и користење на севкупната површина во границите на атарот и
- Обезбедување на целосна интеграција на руралните населби во системот на населбите во функционалните единици.

**Иницијативата за изградба на куќи во состав на селски стопански двор, КО Старо Село, Општина Јегуновце, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост, повисок квалитет на услугите во окружувањето, како и уреденост на просторот, сето тоа базирано врз принципите на одржлив развој како и максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.**

Просторниот развој на **руралните населби**, базиран на соодветна планска документација, наметнува усогласување на истиот со планските решенија и насоки на Просторниот план на Република Македонија во сите сегменти на развојот, со особен акцент на она што значи стратешки решенија и насоки. Во таа смисла, одредени иницијативи за просторен развој кои се манифестираат со зафаќање на нови простори, проширување на урбаните опфати и регулирање на постојните градежни подрачја треба да се преиспитуваат согласно решенијата од повисок, стратешки интерес за државата. Неопходно е почитување на определбите на Просторниот план во однос на дестимулација на проширување на градежното земјиште од една и поефикасно и порационално искористување на постојната ангажирана површина од друга страна односно:

- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);
- Изградбата на викенд населби (времено сместување), стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели.

***Домување***

Во планските определби и насоки на Просторниот план од аспект на организација на домувањето, како една од основните функции на населбите, применета е концепцијата на полицентричен развој која го третира домувањето

како посебен тип на развоен ресурс, што е особено важно за неразвиените подрачја како нови центри на развој.

| **ДЕЈНОСТИ** | |
|---|---|
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:** | 71.12 - Инженерство и со него поврзано техничко советување |
| **ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС** | |
| **Евидентирани се дејности во надворешниот промет** | |
| **Други дејности:** | Регистрирани дејности во надворешно-трговскиот промет |

**ОВЛАСТУВАЊА**


**Овластени лица**

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ:** | 1701964470008 |
| **Име и презиме:** | МУХАРЕМ МУХАРЕМИ |
| **Адреса:** | С.ШИПКОВИЦА, ШИПКОВИЦА |
| **Овластувања:** | Управител без ограничувања во внатрешниот и надворешниот трговски промет |
| **Овластено лице:** | Овластено лице |

| **ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ** | |
|---|---|
| **КОНТАКТ** | |
| **E-mail:** | teplan_ing@yahoo.com |

**Напомена:**
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

Број: 0805-50/150220240003684 Страна 2 од 3



*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

**Изготвил:** **Овластено лице:**

Број: 0805-50/150220240003684

Страна 3 од 3



**Република Северна Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 16 став (2) од Законот за просторно и урбанистичко планирање, Министерството за транспорт и врски издава

# ЛИЦЕНЦА

## ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

**на**

**Друштво за просторни и урбанистички планови, инжинеринг и др.**
**ТЕПЛАН ДОО Тетово**
**МАРШАЛ ТИТО бр.22-СТАРА/ ПОЖАРНА/ ТЕТОВО, ТЕТОВО**
**ЕМБС: 5651379**

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ, УРБАНИСТИЧКО-ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ И РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

**ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: 12.05.2026 година**

**Број: 0026**
**12.05.2019 година**
(ден, месец и година на издавање)

**МИНИСТЕР**
**Горан Сугарески**

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

# ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

## СИРМИЈЕТЕ ДЕМИРИ

дипломиран инженер архитект (NQF VII/1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0127**

Издадено на: 21.02.2022 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Кристинка Радевски
дипл. инж. арх.



Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

**ОВЛАСТУВАЊЕ**

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

**СЛАВИЦА ТАСЕВСКА**

дипломиран инженер архитект (NQF VII/1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0190**

Издадено на: 11.01.2022 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Кристинка Радевски
дипл. инж. арх.

Согласно законот за прсторно и урбанистичко планирање (службен весник на РСМ бр. 32/20, 111/23 и 171/24) и врз основа на статутот на Друштво за просторни и урбанистички планови, инжинериг и др. ,,ТЕПЛАН,, - ДОО – Тетово, го донесува следното:

# РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ

За изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за формирање на градежна парцела со основна класа на намена А1.5 – Домување во состав на селски стопански двор, на КП.бр.1101, КО.Старо Село, м.в.Старо лозје, Општина Јегуновце, со тех.бр. УП-01-01/1, како планери се назначуваат:

- Сирмијете Демири, дипломиран градежен архитект,
  Овластување број 0.0127
- Славица Тасевска, дипломиран градежен архитект,
  Овластување број 0.0190
- Мухарем Мухареми, дипломиран градежен инженер,

Планерите се должни урбанистичка документација да ја изработи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (службен весник на РСМ бр. 32/20, 111/23 и 171/24) Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (службен весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

Директор :
Мухарем Мухареми, дги

# II.ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА
**за изработка на**

**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за формирање на градежна парцела со основна класа на намена А1.5 – Домување во состав на селски стопански двор, на КП.бр.1101, КО.Старо Село, м.в.Старо лозје, Општина Јегуновце**

ПОЕКТНА ПРОГРАМА КОЈА ПРОИЗЛЕГУВА ОД ПРОГРАМАТА НА ДОНЕСУВАЧОТ НА ПЛАНОТ

## ВОВЕД

По барање на инвеститорот се изработува **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за формирање на градежна парцела со основна класа на намена А1.5 – Домување во состав на селски стопански двор, на КП.бр. 1101, КО. Старо Село, м.в. Старо лозје, Општина Јегуновце,** согласно Законот за урбанистичко планирање (службен весник на РСМ бр. 32/20, 111/23 и 171/24) член 58 став 6 и Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), член 58 став 3.
Согласно член 58 став 1 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план се изработува за поединечни градби, комплекси на градби и инфраструктури од државно и локално значење вон населени места и вон опфат на урбанистички планови, и тоа на земјоделско, шумско и други земјиште, крајбрежни појаси и други простори за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план согласно Законот за урбанистичко планирање.
Согласно член 60 точка 1 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), се изработува Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за изградба на објект со намена А1.5 – Домување во состав на селски стопански двор, на КП. бр. 1101, КО. Старо Село, м.в. Старо лозје, Општина Јегуновце.

## 1. ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Проектна програма треба да овозможи отпочнување на изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за формирање на градежна парцела со основна класа на намена А1.5 – Домување во состав на селски стопански двор, на КП. бр. 1101, КО. Старо Село, м.в. Старо лозје, Општина Јегуновце.**
Врз основа на Уверение бр.11-2031/2 од 24.10.2024год., издаден од Општина Јегуновце, каде се наведува дека за предметната локација не постои урбанистички план, се јави потреба да се пристапи кон изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план.
Иницијатор за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план,** е сопствениците на катастарски парцели КП.бр.1101, КО.Старо Село, м.в.Старо лозје, Општина Јегуновце, кои парцели се предмет на проектниот опфат. На катастарските парцели не постои изграден објект.

Планскиот опфат се наоѓа на северниот дел на Општина Јегуновце.

Површина на проектниот опфат по имотен лист изнесува П=308м$^2$, заокружена вредност или согласно Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени Ажурирана геодетска подлога изработена од ГЕОПЛАН-ЈФ ДООЕЛ Тетово, каде граница на проектен опфат изнесува 308м$^2$ и е со следни координанти:

Граница на плански опфат: П = 308м$^2$.

| Координати и коти на мерени детални точки | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. на точка | Y | X | H | Бр. на точка | Y | X | H |
| 1 | 7511024.24 | 4667794.48 | 930.84 | 19 | 7511028.35 | 4667773.34 | 924.30 |
| 2 | 7511030.62 | 4667788.37 | 930.13 | 20 | 7511030.32 | 4667775.18 | 925.21 |
| 3 | 7511031.45 | 4667785.39 | 930.09 | 21 | 7511031.60 | 4667778.65 | 929.40 |
| 4 | 7511023.49 | 4667779.95 | 928.43 | 22 | 7511067.17 | 4667764.65 | 928.45 |
| 5 | 7511028.36 | 4667779.11 | 928.15 | 23 | 7511068.37 | 4667767.77 | 928.52 |
| 6 | 7511019.46 | 4667782.23 | 928.51 | 24 | 7511053.98 | 4667772.24 | 930.61 |
| 7 | 7511016.41 | 4667785.09 | 928.41 | 25 | 7511055.42 | 4667775.33 | 930.18 |
| 8 | 7511018.31 | 4667787.54 | 928.53 | 26 | 7511037.96 | 4667782.34 | 929.37 |
| 9 | 7511016.54 | 4667791.32 | 928.58 | 27 | 7511040.73 | 4667786.20 | 929.22 |
| 10 | 7511007.53 | 4667792.41 | 930.25 | 28 | 7511033.39 | 4667792.02 | 930.36 |
| 11 | 7511010.44 | 4667800.68 | 928.98 | 29 | 7511027.57 | 4667798.86 | 932.28 |
| 12 | 7511008.96 | 4667799.85 | 926.83 | 30 | 7511020.81 | 4667810.33 | 934.28 |
| 13 | 7511005.82 | 4667804.56 | 928.94 | 31 | 7511016.64 | 4667809.92 | 932.88 |
| 14 | 7511007.60 | 4667805.68 | 928.69 | 32 | 7511014.28 | 4667822.39 | 932.80 |
| 15 | 7511007.04 | 4667793.69 | 925.82 | 33 | 7511018.82 | 4667822.15 | 934.45 |
| 16 | 7511008.21 | 4667789.09 | 924.92 | 34 | 7511020.57 | 4667801.19 | 930.93 |
| 17 | 7511015.50 | 4667780.13 | 925.81 | 35 | 7511019.67 | 4667796.45 | 930.60 |
| 18 | 7511022.92 | 4667776.14 | 925.62 | | | | |

## 2. СПЕЦИФИЧНИ ПОТРЕБИ И МОЖНОСТИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ОПФАТОТ

За да се согледа состојбата и потребата за создавање на специфични потреби и можности за просторен развој на проектниот опфат, потребно е да се изврши Анализата неопходна за утврдување на можностите и погодностите за развојот на следниве елементи: културно-историски, демографски, економски, стопански, сообраќајни, законодавно-административни, здравствено-социјални и други создадени вредности и чинители од страна на корисниците.

После извршената анализа за утврдување на можностите и погодностите за развојот, ќе се согледат специфични потреби и можности за просторен развој на подрачјето во рамките на проектниот опфат.
Бидејќи предметниот проектен опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за формирање на градежна парцела со основна класа на намена А1.5 – Домување во состав на селски стопански двор, на КП.бр.1101, КО.Старо Село, м.в.Старо лозје, Општина Јегуновце, а се планираат нови содржини согласно Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), каде основните смерници ќе се земаат од Услови за планирање на РМ со кои услови ќе се уреди намената и начинот на користење на предметниот проектен опфат и ќе се определат услови за изградба на градбата во рамките на истиот.

На предметниот проектен опфат се планира изградба на објект со основна намена:

А1.5 – Домување во состав на селски стопански двор

Проблемот на стационарниот сообраќај ќе се решава во рамките на сопствена парцела со почитување на потребен број на паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба, ќе се утврди во УП вон опфат на урбанистички план, како планска одредба согласно Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).
Просторниот развој треба да цели кон хармонизација на просторот, што треба да се уреди со посебните плански одредби. Планирањето на големината на градежните, парцели, површините за градба, висините на градбите, процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, одредување на минимален процент (на ниво на градежна парцела) на зеленият фонд со уредување на дворните места околу градбите, одредување на потребниот број на места за паркирање како и останатите урбанистички параметри кои треба да се во согласност со важечките стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, но одредени според специфичноста на планскиот зафат.
При изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за формирање на градежна парцела со основна класа на намена А1.5 – Домување во состав на селски стопански двор, на КП.бр.1101, КО.Старо Село, м.в.Старо лозје, Општина Јегуновце, ќе бидат почитувани сите податоци, информации и мислења добиени од органите на државната управа и другите субјекти.

**Сообраќај:** Пристапот до градежната парцела ќе се обезбеди преку некатегоризиран пат, која се тангира со КП.1101, КО.Старо Село.

## 3. ОПШТИ И ПОСЕБНИ ЦЕЛИ НА ПЛАНИРАЊЕТО

Проектна програма се изработува врз основа на точка 3.10, член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).
Изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за формирање на градежна парцела со основна класа на намена А1.5 – Домување во состав на селски стопански двор, на КП.бр.1101, КО.Старо Село, м.в.Старо лозје, Општина Јегуновце**, како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање услови за планирање на организираните простори со намени предвидени во Просторниот план на РСМ, во границите на катастарски парцели.

- **ОПШТИ ЦЕЛИ**

Општи цели на Проектна програма се:

- Изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план**, за формирање на градежна парцела со основна класа на намена А1.5 – Домување во состав на селски стопански двор, на КП.бр.1101, КО.Старо Село, м.в.Старо лозје, Општина Јегуновце;
- Одредување на проектен опфат, со програмски содржини кои треба да бидат предмет на планирањето.
- Определување на општи и посебни смерници за изработка на УП вон опфат на урбанистички план за КП.1101, КО.Старо Село, м.в.Старо лозје, Општина Јегуновце;

- Содржината на планската документација треба да се изработи согласно член 59, 60, 61 и 62 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

- **ПОСЕБНИ ЦЕЛИ**

Посебни цели на Проектна програма се:

- Создавање услови за рационално користење на земјиштето;
- Максимално почитување на катастарска парцела;
- Планирање на површина за градење, со планирање на катност и максимална висина на објект;
- Определување на процент на изграденост за градежна парцела, како и коефицијент на искористеност на истите;
- Определување на основна класа на намена со комплементарни и компатибилни, и алтернативни класи на намена;
- Определување на начин на приклучување на објектите во граница на проектниот опфат со елементи на инфраструктура;
- Почитување и надградба на зеленило и пејсажните вредности;
- Подигнување на хуманоста во просторот и обезбедување на непречено движење на хендикепираните лица;
- Почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето;
- Предивување мерки за заштита и спасување;

Од катастарските парцели КП.бр.1101, КО.Старо Село, м.в.Старо лозје, Општина Јегуновце, ќе се оформи една градежна парцела која согласно слободната површина за градење на новоформираната градежна парцела како и желбите на инвеститорот ќе се изведе А1.5 – Домување во состав на селски стопански двор.

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Иницијатор за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за формирање на градежна парцела со основна класа на намена А1.5 – Домување во состав на селски стопански двор, на КП.бр.1101, КО.Старо Село, м.в.Старо лозје, Општина Јегуновце**, се јавуваат и како инвеститори на истиот УП кој ќе ја финансира целокупната документација во процедура до негово усвојување и добивање на согласност.

Инвеститор:
Даниел Стефановски - од с. Јегуновце - Тетово

Застапуван од:
ДПУПИ ,,ТЕПЛАН,, доо – Тетово

# ГРАФИЧКИ ДЕЛ

**ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ**
**Одделение за урбанизам,комунални работи,**
**заштита на животната средина,патишта и улици**
**и локален економски развој**
**бр.11-2031/2**
**24.10.2024год.**
**Јегуновце**

Врз основа на член 60 од ЗОУП (Службен весник на РМ бр.124/15), член 60 став 16 и член 63 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02), одлучувајќи по барањето на **Даниел Стефановски од с. Јегуновце, ул. 101 бб, Тетово** за издавање на уверение за градежен опфат, Градоначалникот на општина Јегуновце го издава следното:

**У В Е Р Е Н И Е**

Се потврдува дека КП. бр.**1101** на м.в."Старо лозје" КО Старо село, **е надвор од градежен опфат**, согласно Општ акт за населено место Старо село, донесен со Одлука бр.08-1544/8 од 26.10.2016 година година од страна на Совет на општина Јегуновце и Општ акт за село Орашје, општина Јегуновце, донесен со Одлука бр. 05-1544/7 од 26.10.2016 година од страна на Совет на општина Јегуновце.

Уверението се издава по барање на странката.


Такса по тарифен број 1 и 60 од Законот за административни такси („Сл. Весник на РМ„ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 06/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и 151/21) во износ од 100 денари е наплатена на сметка на општина Јегуновце.

Изработил:
Игор Филипоски

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски

ДРУШТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ УСЛУГИ И ИНЖЕНЕРИНГ
ГЕОПЛАН-ЈФ, ДООЕЛ - ТЕТОВО
ул.ЈНА (Дервиш Цара) бр.104, Тетово

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА, Р = 1:500
КО СТАРО СЕЛО
КП 1101




ЛЕГЕНДА
- граница на катастарска парцела
- пат со чакал
- падни линии
- граница на опфат за ажурирање
- децимetарска мрежа
- мерена точка со кота на терен

У 1.1 - Граница на проектен опфат - П=308м²

М.П

Изготвил :

Тетово, Јули 2024 год.

м-р Горан Стефчески дипл.геод.инж

Република Северна Македонија
Општина Јегуновце

Republika e Maqedonisë së Veriut
Komuna e Jegunovcit

1215 Јегуновце тел./факс 044 39 77 66
1215 Jegunovc tel./faks 044 39 77 66
Е-маил / E-mail: o-jegunovce@t.mk
Веб сајт / web faqja: www.opstinajegunovce.gov.mk

**Одделение за урбанизам, комунални работи,**
**заштита на животната средина, патишта и улици**
**и локален економски развој**
**бр.11-725/5**
**24.04.2025год.**
**Јегуновце**

Врз основа на член 62 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/2020 и 111/2023), Градоначалникот на Општина Јегуновце, решавајќи по барањето на **Даниел Стефановски од с.Јегуновце,** преку полномошникот **„ТЕПЛАН" ДОО Тетово,** за одобрување на Проектна програма со техн. бр. **УП-01-01/1** од **Јануари 2025, изработена од "ТЕПЛАН" ДОО Тетово,** го издава следното:

**РЕШЕНИЕ**

Се одобрува Проектна програма, за изработка на **УП за формирање на градежна парцела со основна класа на намена А1.5 – Домување во состав на селски стопански двор на КП.бр.1101, КО.Старо Село, м.в.Старо лозје,** со технички **УП-01-01/1** од **Јануари 2025, изработена од "ТЕПЛАН" ДОО Тетово.**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот **Даниел Стефановски од с.Јегуновце,** преку полномошникот **"ТЕПЛАН" ДОО Тетово,** до одделението за урбанизам во општина Јегуновце поднесе барање за одобрување на Проектна програма, за изработка на **УП за формирање на градежна парцела со основна класа на намена А1.5 – Домување во состав на селски стопански двор на КП.бр.1101, КО.Старо Село, м.в.Старо лозје,** со технички **УП-01-01/1** од **Јануари 2025, изработена од "ТЕПЛАН" ДОО Тетово.**

Со барањето ја приложи следната документација и докази:
1.Предлог за одобрување од Комисијата за урбанизам со бр.**11-725/3 од 10.04.2025** год.
2.Проектна Програма

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Јегуновце, со Решение бр. **09-1656/1 од 20.10.2023** година, по проучувањето на приложената

документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Проектна програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог одобрување со бр. **11-725/3 од 10.04.2025** г.

Градоначалникот на Општина Јегуновце по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за Урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/2020 и 111/2023). Врз основа на тоа, а согласно член 44, став 7 од Законот за Урбанистичко планирање донесе Решение како во диспозитивот.

**УПАСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**
Против ова решение, барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.
Жалбата се таксира со 250,00 ден административни такси.

**Градоначалник**
**Димитар Костадиноски**

Dimitar Kostadinoski
Digitally signed by Dimitar Kostadinoski

## ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА, ВО КОЈА Е УТВРДЕН ПРОСТОР ОПРЕДЕЛЕН СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ ВО КОЈ МОЖЕ ДА СЕ ПОСТАВУВААТ ПОВЕЌЕ ГРАДБИ

**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план** за формирање на градежна парцела со основна класа на намена А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор, на КП.бр.1101, КО.Старо Село, м.в.Старо лозје, Општина Јегуновце, се работи согласно член 58 став 6, од Законот за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24). Согласно член 58 од Правилникот за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25). Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план, се изработува за поединачни градби, комплекси на градби и инфраструктури од државно и локално значење вон населени места и вон опфат на урбанистички планови, и тоа на земјоделско, шумско и друго земјиште крајбрежни појаси и други простори за кои што не постојат услови или економска оправданост за донесување на урбанистички план согласно Законот за урбанистичко планирање.
Просторот кој е предмет на изработка Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, се наоѓа на територија на Општина Јегуновце.
Во границата на опфат влегуваат парцели во рамки на КП.бр.1101, КО.Старо село, Општина Јегуновце, и во тие граници зафаќа површина од 308м$^2$.
Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП.бр.1101, КО.Старо Село, м.в.Старо лозје, Општина Јегуновце, се изработува врз основа на Услови за планирање на просторот изработени од страна на Агенција за планирање на просторот - со тех. бр. У48524 од Декември 2024 и за кои е издадено Решение за Услови за планирање на просторот од Министерот за животна средина и просторно планирање со арх.бр. УП1-15-2363/2024 од 21.01.2025година, на предвидената локација е предвидено изградба на градби со намена: Домување во состав на селски стопански двор, а согласно Правилникот за урбанистичко планирање (сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25) класата на намена е:

А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор,

- **Проектни решенија на градбите**

Со урбанистичкиот проект дефинирани се урбанистички параметри за предметната градежна парцела:

- граници и површини за градење (м2);
- максимален процент на изграденост на земјиштето (%);
- максимален коефициент на искористеност на земјиштето (к);
- поединечна намена на земјиштето и градбите;
- минимален процент на озеленување;

Сите дефинирани параметри за предвидените објекти се во согласност Правилникот за урбанистичко планирање (сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

Нумерички показатели на урбанистичките параметри согласно Урбанистички проект:

**НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ**

| Површина на опфат (м²) | Број на градежна парцела | Намена на градежна парцела спорд УП | Површина на градежна парцела (м²) | Мах. површина за градење (м²) | Вкупно изградена површина (м²) | Максимална височина на градбите до венец (м) | Максимален број на спратови | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност К | планиран број на паркинг места | Површина за зеленило (м²) | Површина за зеленило (%) | Партерно уредување (поплочена површина) (м²) | Партерно уредување (поплочена површина) (%) | Кота на нултата плоча (нвм) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 308 | 1 | А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор | 308 | 81 | 162 | 8.2 | П+1 | 26 | 0.53 | 2 | 90 | 29 | 137 | 45 | 930.09 |

Проектниот концепт е во директна зависност од природните и создадени фактори, од конфигурацијата на теренот.

- **Наменска употреба на градежното замјиште**

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план, ќе се изработи за утврдениот проектен опфат, дефиниран со линија и прекршочни точки, во рамки на кој ќе се формира градежна парцела на земјиште.
Согласно Правилникот за урбанистичко планирање (сл.в. на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25) гласи:

Основна класа:

А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор

Со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план, ќе се дефинираат архитектонско - урбанистичките параметри за изградба на стоваришта и складови со новни компатибилни и комплементарни намени. Точната просторна диспозиција и организација на сите градби ќе биде разработена со урбанистичкиот проект. Од технички аспект, при изработката на проектната документација да се има во предвид дека локација се наоѓа во КО.Старо село, Општина Јегуновце, со површина од 0.03ха.

Согласно новите законски прописи, согласно Правилникот за урбанистички планирање (сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25), класа на поединечна намена е со ознака А1.5 – Домување во состав на селски стопански двор.
Заради флексибилност на проектот, на основните намени во проектот, се дава можност за добивање на комплементарни, компатибилни и алтернативни намени.
Комплементарни намени се:

- Делови од градежни парцели и делови од градби што служат за внатрешен сообраќај и за паркирање;
- Зеленило и одредени рекреативни намени;
- Делови од парцели или градби што се неоходни за комуналните инфраструктури;
- Градби, инсталации и опрема без кои основната намена не може да се употребува согласно нејзината намена;
- Пратечки содржини, базен, летниковец и слично.

Компатибилни намени, класи на намени или групи на класи на намени се две или повеќе намени кои можат да егзистираат во просторната единица односно во иста наменска зона или во иста градежна парцела без при тоа меѓусебно да си го нарушуваат нормалното функционирање.
Компатибилни класи на намени се определуваат согласно член 80, 81, 82 и 83 од Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на РСМ. бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25). Со максимална застапеност на збир на единечни класи на намена во однос на основната изнесува 40% од вкупна површина на основна намена.

Усогласеноста на процентуална застапеност на комплементарни и компатибилни намени во планот треба да биде во согласност со одредбите пропишани во Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25), и почитување на одредбите дадени во Законот за урбанистичко планирање (службен весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24).

**Нивелациски план**

Со нивелацискиот план е решена вертикалната поставка на влез/излез во градежните парцели согласно нивелманот на постоечкиот пат. Подетална разработка на истите, ќе се дефинира со Основен проект.

**Партерно решение и озеленување**

Просторот непосредно околу објектот е уреден како пристапно/манипулативно плато за опслужување на објектите.
Во согласност со Законот за урбано зеленило (сл.весник на РМ бр. 11/18, 42/20), минималниот процент на озеленетост изнесува мин. 20%.
Зеленилото во рамки на градежната парцела е предвидено како дворно зеленило и е распределено согласно со организацијата на парцелата.

- **Проектни решенија за Комунална инфраструктура**

Со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план потребно е да се обезбеди квалитетна комунална инфраструктура, во согласност со можностите и капацитетите на локалитетот. Со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план ќе бидат дефинирани трасите на основните инфраструктурни водови, за кои е пожелно е да се водат подземно во јасно дефинирани инфраструктурни коридори, а согласно добиените податоци и информации од органите на државната управа и други субјекти. Со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план се планира сообраќаен пристап до градежната парцела да биде преку постоен пат.
Димензионирањето на внатрешната комунална инфраструктура ќе се изврши со Основниот проект.

**Сообраќајна инфраструктура**
Предметниот проектен опфат се наоѓа во северо - западниот дел од Македонија, во горниот дел на Полошката Котлина, а територијално припаѓа во Општината Јегуновце.
Предметната катастарска парцела во југо-истичниот дел има пристап преку постојниот пат, кој понатаму се поврзува со останаатите населени места.
Сообраќајната инфраструктура да се изведе според важечките стандарди и нормативи за тој вид на инфраструктура, согласно урбанистичкото решение.

**Хидротехничка инфраструктура**
Хидротехничка инфраструктура не постои и евентуално приклучување на хидротехничка инфраструктура, може да биде кон селото во иден развој. Снабдувањето со вода и решавањето на отпадните води ќе се решава во рамки на градежната парцела со примена на еколошки системи кои нема да влијаат врз животната средина.
Не се доставени податоци за постојната хидротехничка инфраструктура од надлежното јавно претпријатие.
Со проектното решение, се врши разработка на проектен опфат со површина од 308м$^2$, од кој проектен опфат се формира една градежна парцела со површина од 308м$^2$, и сите постојни водови од хидротехничка инфраструктура ќе се надоградат со планирана хидротехничка инфраструктурна мрежа. За новопредвидените градби ќе се предвидат приклучни места за водоводна, фекална и атмосферска канализација.

**Водоснабдување**
За просторот кој е предмет на овој УП, надлежната институција, нема доставено податоци и информации. Од увид на лице место констатирано е дека во непосредна близина постои изградена водоводна мрежа долж постојниот пат и се планира приклучок кон истата а во договор со надлежната институција.

**Фекална канализација**
За просторот кој е предмет на овој УП, надлежната институција, нема доставено податоци и информации. Од увид на лице место констатирано е дека во непосредна близина постои изградена Фекалната канализациона мрежа на постојниот пат и се планира приклучок кон истата а во договор со надлежната институција.

**Атмосферска канализација**
Во рамките на опфатот атмосферските води се слеваат гравитациски долж постојните улици.

**Електро-енергетска и телекомуникациска инфраструктура**
**Електро - енергетска инфраструктура**
Од добиените податоци и од увидот на лице место, низ предметниот опфат не поминува електроенергетска инфраструктура. Во проектниот опфат се планирана Подземна мрежа од 0.4kV. Исто така планирано е како алтернативни извори за електрична енергија да се

користи сончева енергија преку фотоволтаични панели монтирани на кровната конструкција.
Сите приклучоци како и изградбата на електро-енергетски објекти треба да се извршуваат според електро-енергетска согласност од надлежна институција - ЕВН Македонија.
Низ предметната локација во близина на опфат постојат инсталации сопственост на ЕВН и се предвидува новопланирана трафостаница со 10(20)kV.
Се предвидува заштитен појас согласно Правилник за мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.
Се предвидува новопроектираните подземен вод 10(20)kV и подземен вод 0.4kV електрична мрежа.
Секоја евентуално настаната штета на дел од електроенергетската инфраструктура во сопственост на Електродистрибуциа ДООЕЛ-Скопје, ЕВН Македонија, Акционерско друштво за услуги или загрозување на човековата безбедност заради непочитување на пропишаните безбедносни растојанија ќе сноси самиот Инвеститор.
Согласно закон за Енергетика (сл.в. на РМ бр.96/2018) член 203, став1 и член 4 не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производството, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот.
Согласно новите законски прописи за мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија заштитни појаси на надземен и подземен вод изнесува:

- За надземен вод 1kv до 10(20)kv, планирана е широчина на заштитен појас од 20 метри, по 10 метар од осовината на водот.
- За подземен вод 10(20)kv, планирана е широчина на заштитен појас од 2 метри, по еден метар од осовината на водот.
- 2 метри за трансформаторска станица и разводна постројка со номинален напон од 1kv до 20kv, освен за трансформаторски станици и разводни постројки чија опрема е вградена во посебни простории на зграда.
- Во случај на дислокација на водови, истото ќе биде во договор со надлежната институција која стопанисува со нив и потребно е да се предвиди и почитува локација, траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокацијата.

Дислокација на постоечка електроенергетски објекти и инфраструктура опфатена со планскиот опфат ќе се изврши врз основа на Проект за инфраструктура на ЕЕ објекти одобрен и од страна на Електродистрибуциа ДООЕЛ-Скопје, ЕВН Македонија, Акционерско друштво за услуги. Комплетните трошоци за дислокација однсоно каблирање на постоечки далекувод од Електродистрибуциа ДООЕЛ-Скопје, ЕВН Македонија, Акционерско друштво за услуги (изведбени работи за дислокација, проект за инфраструктура -проектната документација за дислокација, решавање на имотно правен дел и одобрение за градење) должен да ги надомести трошоците за дислокација инвеститорот.

**Телекомуникациска инфраструктура**
Според информацијата од надлежното претпријатие „Македонски Телеком“ АД Скопје, во рамки на опфатот нема постојна МКТ инфраструктура.
Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према принципот куќа - телефон, а за јавните содржини се определува према нивната големина (површина), функција, број на вработени и сл.Самото приклучување во постојната телефонска мрежа на планираните телефонски корисници ќе се изврши со приклучок до постојните телекомуникациски инсталации во согласност со Македонски Телеком АД-Скопје, работна единица – Тетово.

**ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ**

Општи услови за изградба согласно Закон за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24) и Правилник за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

Просторниот концепт го сочинува следниот систем на класа на намена: А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор.

- **Регулациона линија -** Регулационата линија го разграничува градежното земјиште за општа употреба и градежното земјиште за поединечна употреба. Регулациона линија е просторно дефинирана како ортогонална проекција на пресекот на вертикална рамнина или закривената вертикална површина со површината на теренот. Вертикалната рамнина или закривената вертикална површина се протега над и под котата на теренот колку што е одредено со овој правилник и со урбанистички проект и урбанистичка документација. Регулациона линија е дефинирана согласно Правилник за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

- **Градежна парцела -** Граница на градежна парцела како планска одредба во урбанистички проект и урбанистичка документација е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.
  Градежната парцела е ограничена со регулаторни линии - регулациона линија и граница на парцела кои се плански одредби во урбанистички план и урбанистичко планска документација што ја обележуваат промената на носителот на правото на градење. Градежната парцела се состои од една или повеќе катастарски парцели или делови од катастарски парцели, при што сите сопственици на катастарските пацели и делови од катастарски парцели во рамките на градежната парцела претставуваат единствен носител на правото на градење.
  Делови на градежната парцела се: Површина за градење која претставува дел од градежна парцела согласно член 39 на овој правилник и Дворно место кое претставува дел од градежната парцела незафатен со површината за градење. Дворното место се дели на преден двор - помеѓу површината за градење и лицето на парцелата, заден двор - помеѓу површината за градење и дното на парцелата и страничен двор - помеѓу површината за градење и страната на парцелата и атриумски двор ограничен со површина за градење и страните на градежните парцели да се во согласност со член 107 од Правилник за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

- **Намена на земјиште -** Намената за земјиштето и намената на површините за градба се базираат согласно Правилник за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

- **Градежна линија -** Градежна линија е планска одредба која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради.
  Градежна линија е планска одредба со која во урбанистички проект се уредува границата во градежната парцела до која е дозволеното простирањето на планираната градба односно ја дефинира просторната диспозиција на површината за градење во градежната парцела, а со тоа и просторната диспозиција на идната градба.
  Површините за градење се во корелација со градежните линии и се дефинираат со овој урбанистички проект за секоја градба посебно, во рамките на дозволените Коефициенти на искористеност (К) и Проценти на изграденост на земјиштето (Р).
  Во графичките прилози означена е градежната линија со детално котирање на растојанија до границата на градежната парцела и до регулационата линија, согласно член 99, 100 и 101 од Правилникот за урбанистичко планирање (сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

- **Површина за градење -** Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички проект и урбанистичка документација се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите.
  Површината за градење е дел од градежната парцела ограничена со градежни линии зададени со планот, како и параметрите дефинирани со Правилник за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).
  Во планираната градежна парцела (по правило) има една површина за градење според член 37 од Правилник за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25) освен во случаите кога во урбанистичките планови и урбанистичко плански документации во една градежна парцела се утврдува простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби согласно дозволениот процент на изграденост на земјиштето, истите се определуваат преку изработка на проектна документација.

- **Дозволена максимална височина на градење -** Плански одредби за ограничување на височината на градбите во урбанистички проект и урбанистичка документација се: висинска кота на тротоар или пристапна сообраќајница, височина на приземната или нултата плоча, максимална височина на градбата, максимален број на спратовите, максимална височина на кровната конструкција и правила на градење над максималната височина на градбата.
  Максимална височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чиј што пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија или дозволеното пречекорување на градежната линија од Правилник за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25). Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела.
  Максималната височина на градбата изразена во должни метри се надополнува со планска одредба која го ограничува бројот на спратови кој може да се изгради во одредената височина.
  Максималната височина на градбата се формулира како условена планска одредба која се остварува доколку во постапката за спроведување на УП со проектна документација се докаже дека се исполнети условите утврдени во планот за достигнување на максималната височина на градбата. Оваа условеност најчесто се однесува на барањето во рамките на градежната парцела да се обезбеди потребниот број на паркинг места според намената на градбата и стандардите и нормативите за урбанистичко планирање за конкретното подрачје, блок или градежна парцела.

- **Коефициент на искористеност и процент на изграденост –**
  Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

  Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешните ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси, скали, рампи, патеки и сл.
  Процентот на изграденост на земјиштето може да се пресметува за градежна парцела, блок, четврт, наменска зона или плански опфат. Кога се пресметува за градежна парцела, се зема површината зафатена со градба и површината на градежната парцела. Кога се пресметува за блок се зема збирот на површини зафатени со градби и збирот на површини на градежните парцели. Кога се пресметува за четврт, наменска зона или плански опфат се зема збирот на површини зафатени со градби и збирот на површини на градежните парцели со збирот на површини на земјиштето за општа употреба, односно вкупното градежно земјиште.

Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.
Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни катови изградени од нулта плоча.
Коефициент на искористеност и процент на изграденост се дефинирани во зависност од намената на објектот, согласност Правилник за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

- **Партер -** Во партерното уредување да се применува природен материјал и да се изработи ситуационо решение при изработка на основните проекти.
Сопственикот на објектот, постојно треба да го одржува објектот и дворното место, со обновување на фасадата на објектот и одржување на патеките, заленилото, оградата и другите урбани елементи.

- **Оградувањето на градежната парцела** дефиниран со Урбанистичкиот проект ќе биде во согласност со член 113 од Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

- **Сообраќај -** Планскиот опфат се тангира со изведените улици. Истата е воедно и простор каде се развиени инфраструктурните системи, кои веќе функционират на овој дел од локацијата согласно Правилник за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).
Преку изведениот пат проектен опфат се поврзува со пошироко окулина од Општината.
Пристапот до градежна парцела од постојниот пат (некатегоризирана улица).

- **Паркирање и гаражирање -** ќе се решава во рамките на градежната парцела. Паркирањето првенствено да се реши во сопствената парцела со почитување на потребен број на паркинг места како основен услов за изградба на максимално дозволената вис ина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („сл.в.на РСМ“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).
Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е услов за изградба на дозволената површина за градење, катноста, максималната висина, како и искористување на дозволениот процент на изграденост и коефициент на искористеност.
Потребниот број паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања.

- **Мерки за спречување на бариери за лица со инвалидност -** Составен дел на урбанистички проект се конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на лица со инвалидитет во рамките на проектен опфат.
Површините за движење на пешаци кои се планираат во урбанистичките проекти и тоа тротоари, пешачки улици, пешачки патеки и плоштади каде што карактеристиките на теренот тоа го дозволуваат, треба да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8.33%.
Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, со урбанистички проект и урбанистичка документација треба да се предвиди алтернативна врска со рампа со максимален пад од 8.33% или во однос 1:12.
Рампата се димензионира за двосмерно движење на лица во колички при што нејзината најмала широчина треба да е 1.65м, а оптималната широчина треба да е 1.80м.
Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина и тоа за:
- наклон од 8.33% или во однос (1:12), максимална должина на рампата е 9м

- наклон од 6.66% или во однос (1:15), максимална должина на рампата е 12м,и
- наклон од 5.0% или во однос (1:20), максимална должина на рампата е 15м.

Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите, треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да е 1.50м, а оптимална должина треба да е 1.80м.

При планирањето на елементите на уличната мрежа во урбанистичкиот проект треба да се предвидуваат рампи на секој пешачки премин за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот.

Минималната широчина на рампата треба да е 1м, а оптималната широчина треба да е 1.80м.

Најголемиот наклон на рампата е 20% или во однос (1:5), а оптималниот наклон треба да е 8.33% или во однос (1:12).

Постојаната и времената урбана опрема на јавните пешачки површини не треба да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува сообраќајот на пешаците, а особено на лица со инвалидност со колички.

Во условите за градење кои во урбанистичките проекти се уредуваат за намените на градбите согласно Правилник за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25), треба да се предвидуваат рампи за пристап за висинско совладување на денивелираните површини за комуникација на влезовите од градбите и внатрешни рампи во јавните и групните простории како и просториите за собири. Минималната широчина на рампите треба да изнесува 1м.

- **Зеленило -** Со планска одредба во урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план се уредува процентот на озеленетост во рамки на градежната парцела, блокот или четврта.

  Процентот на озеленетост е однос помеѓу површината на градежно земјиште наменето за зеленило и вкупната површина на градежното земјиште изразен во проценти.

  Кога со урбанистички проект и урбанистичко планска документација ќе се утврди процент на озеленетост, оваа планска одредба станува составен дел на условите за градење.

  Процентот на озеленетост да изнесува мин. 20% од површината на градежната парцела.

- **Заштита на културно наследство**

  Доколку при реализација на планот дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјална култура на РМ треба да се постапи согласно со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културно наследство (сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/11, 137/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15 192/15, 39/16, 11/18).

По усвојување на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план треба да се разработи Урбанистички проект, согласност од Законот за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24).

Посебните услови за градење во оваа планска документација се однесуваат на површините за градба во рамките на проектен опфат тоа:

Границата на проектен опфат кој се утврдува врз основа на член 64 од Правилникот за урбанистичко планирање (сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

Според Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план просторот е предвиден да биде со класа на намена:

А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор,

При уредувањето на просторот водено е сметка за негова рационална искористеност да не се нарушат основните принципи на начин на живеење и хуманизација на просторот што е постигнато со диспозиција, површина, катност и висина на објектите.

**УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ:**

- Површина на проектен опфат - 308м$^2$
- Основна намена: **А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор,**
- Градежна парцела – 1 – е со површина од **– 308м$^2$**
- Површина за градба **– 81м$^2$**
- Вкупна етажна површина за градење **– 162м$^2$**
- Максимален број на спратови **- П+1**
- Максимална височина на градбата **- 8.20м**
- Процент на изграденост на земјиштето **– 26%**
- Коефициент на искористеност на земјиштето **– 0.53**
- Површина на зеленило **– 90м$^2$**
- Процент на зеленило **– 29%**
- Пристапот до градежна парцела од постојниот пат (некатегоризирана улица).

Исто така согласно член 20 Законот за урбано зеленило (сл. весник на РМ бр.11/18), и член 171 Правилник за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25), потребно е да се обезбеди 20% од вкупната површина на градежната парцела за зеленило, а во градежна парцела 1 се предвиде мин.20% зеленило.

**УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ:**

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

| Површина на опфат (м²) | Број на градежна парцела | Намена на градежна парцела според УП | Површина на градежна парцела (м²) | Мах. површина за градење (м²) | Вкупно изградена површина (м²) | Максимална височина на градбите до венец (м) | Максимален број на спратови | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност К | планиран број на паркинг места | Површина за зеленило (м²) | Површина за зеленило (%) | Партерно уредување (поплочена површина) (м²) | Партерно уредување (поплочена површина) (%) | Кота на нултата плоча (нвм) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 308 | 1 | А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор | 308 | 81 | 162 | 8.2 | П+1 | 26 | 0.53 | 2 | 90 | 29 | 137 | 45 | 930.09 |

**ОБЈЕКТ ТИП - А**
**Градба број – 1.1**
- Основна намена: **А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор,**
- Површина за градба **– 81 м$^2$**
- Вкупна етажна површина за градење **– 162м$^2$**
- Максимален број на спратови **– П+1**
- Максимална височина на градбата **- 8.20м**

Процент на изграденост за градежна парцела е **– 26%**
Коефициент на искористеност за градежна парцела е **- 0.53**

За градбата со основна класа на намена А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор предвидени се компатибилни намени,согласно член 82 и 83 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25) во една градежна парцела дозволени се две или повеќе компатибилни класи на намени, без при тоа меѓусебно да си гонарушуваат нормалното функционирање, со максимална процентуална застапеност од Б40% од основната класа на намена.

Пристапот до градежна парцела од постојниот пат (некатегоризирана улица), кој понатаму се поврзува со цела патна мрежа во држава.

Потребниот број на паркинг места ќе се обезбеди во рамките на градежната парцела согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25), во рамки на градежната парцела.

Решенијата за комуналната инфраструктура, како и нивелманското и сообраќајното

решение на градежната парцела да се разработат со Основен проект според важечките стандарди и нормативи.

При изработка на основниот проект потребно е почитување на сите наводи од Елаборатот за оценка на влијание на објектот врз животната средина за кој е потребно добивање мислење од страна на Управа за животна средина. При изработка на планска документација се применуваат следниве закони и подзаконски акти:

- Закон за животната средина (сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и сл.в. на РСМ бр.171/22);
- Закон за квалитетот на амбиентниот воздух (сл. весник на РМ бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15, 146/15 и сл. весник на РСМ бр.151/21);
- Закон за управување со отпадот (Сл. весник на РМ бр.68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16, 63/16 и сл. весник на РСМ бр.216/21);
- Закон за води (сл. весник на РМ бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 146/15, 52/16 и 151/21);
- Закон за заштита на природата (сл. весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и сл. весник на РСМ бр.151/21);
- Закон за заштита од бучава во животна средина (сл. весник на РМ бр.79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15);
- Правилник за максимално дозволени концентрации на количества и за други штетни материи што можат да се испуштат во воздухот од одделни извори на загадување (сл. весник на РМ бр.3/90);
- Уредба за класификација на водите(сл. весник на РМ бр.18/99);
- Уредба за спроведување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанијата врз животната средина (сл. весник на РМ бр.74/05, 109/09).
- Правилник за урбанистичко планирање (сл.в. на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл.65 од Законот за заштита на културно наследство (сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/11, 137/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15 192/15, 39/16, 11/18), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл.129 од Законот;

Проектот е работен во согласност со Закон за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24), Правилникот за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25), као и останатите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

## МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

### Плански мерки за заштита на животна средина

Право и должност на РСМ, општината, како и на сите правни и физички лица е да обезбедат услови за заштита и унапредување на животната средина, заради остварување на правото на границите на здрава животна средина, регулирано со:

- Закон за животната средина (сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и сл.в. на РСМ бр.171/22);
- Закон за заштита на природата (сл. весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и сл. весник на РСМ бр.151/21);
- Закон за квалитетот на амбиентниот воздух (сл. весник на РМ бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15, 146/15 и сл. весник на РСМ бр.151/21);
- Закон за управување со отпадот (Сл. весник на РМ бр.68/04, 71/04, 107/07, 102/08,

143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16, 63/16 и сл. весник на РСМ бр.216/21);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (сл.весник на РМ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15 и сл. весник на РСМ бр.151/21);
- Закон за заштита и спасување (сл.весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и сл. весник на РСМ бр.215/21);
- Закон за водите (сл. весник на РМ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14 и 146/15);
- Уредба за класификација на води (сл. весник на РМ бр. 18/99);
- Уредба за категоризација на води (сл. весник на РМ бр. 18/99);
- Правилник за урбанистичко планирање (сл.в. на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

Со цел да се обезбеди заштита на животната средина преку запазување на поставените стандарди потребно е да се има во предвид следното:
- Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина (сл. весник на РМ бр. 74/05), потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието врз животната средина ја донесува органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина.
- Согласно Законот за животна средина како и Законот за заштита на природата, правните и физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оценка на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на влијанието врз животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на проектот.
- Согласно законот за управување со отпад, создавачите на отпад се должни во најголема мера да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните лијанија на отпадот врз животната средина и животот и здравјето на луѓето.
- Заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиенти и пејсажите во предвидениот простор.
  Притоа создавачот или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Во современото планирање на просторот задачите на заштита на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можни штети и повторно воспоставувањем на природната средина. Заштитата на природата ја опфаќа заштитата на биолошката разноводност, заштитата на пределската разновидност и заштитата на природното наследство.
Притоа, при реализацијата на оваа планска документација на конкретниот локалитет не се загрозуваат природни реткости, и потребно е да се преземат мерки за заштита согласно Законот за заштита на природата (сл. весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и сл. в. на РСМ бр.151/21).
Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе тршоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

### Мерки за заштита на водата

Заштитата на водата се третира како превентивна заштита. Превентивната заштита на водата при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации, се однесува во нивната монтажа, експлоатација, одржување и интервенција. Инфраструктурните водови треба да бидат поставени во согласност со постојните технички нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето. Изборот на материјалите да биде во согласност со важечките стандарди и

нормативи. Согласно планираната класа на намена во рамките на проектниот опфат ќе се превземат сите заштитни мерки за не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води.

- **Мерки за заштита на почвата**

Согласно планираната класа на намена во рамките на проектниот опфат да се превземат сите заштитни мерки за не дојде до загадување на почвата од отпадни води, пестициди, тешки метали и сл. во текот на градбата.

- **Управување со отпад**

Со овој Урбанистички Проект се предвидува избегнување и намалување на количеството на создадениот отпад и неговото негативно влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управувањето со отпадот, се предвидува истиот организирано да се прифати, да се транспортира и депонира во регионалната санитарна депонија.
Согласно член 7 од Законот за управување со отпад („службен весник на РМ“ бр.68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16), создавачите на отпад се должни во најголема мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Доколку општината отпочне со управување со отпадот ќе се примени претходна селекција за понатаму отпадот да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

- **Мерки за заштита од бучава**

Со оглед на планираните намени во рамките на проектниот опфат на Урбанистички Проект не се потребни дополнителни мерки за заштита од бучава.

**Мерки за заштита и спасување**

При изработка на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план, на конкретниот проектен опфат да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за одбрана (Сл.в.на РМ бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 215/15 и сл. весник на РСМ бр.42/20), Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и сл. весник на РСМ бр.215/21), Законот за пожарникарството (С.в. на РМ бр.67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и сл. весник на РСМ бр.152/19) и Законот за управување со кризи (Сл. весник на РМ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16, 83/18 и сл. весник на РСМ бр.215/21), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани. Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.
Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во проектите како и при изградба на објекти и инфраструктура, согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл. весник на РМ бр.105/05), како и учество во техничкиот преглед.
Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи.
Урбанистичко-технички мерки се:

-засолнување
-заштита и спасување од поплави
-заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
-заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
-заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и

-спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

-евакуација
-згрижување на загрозеното и настраданото население
-радиолошка, хемиска и биолошка заштита
-прва медицинска помош
-заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
-заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
-асанација на теренот.

Врз основа на член 53 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и сл. весник на РСМ бр.215/21).

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1) при планирањето и уредувањето на просторот и населбите
2) во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
3) при изградба на објекти и инфраструктура.

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
2) регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи
3) изградба нан снегозаштитни појаси и пошумување на голините
4) Обезбедување на противпожарни пречки
5) изградба на објекти за заштита
6) изградба на потребната инфраструктура и
7) При изработка на Архитектонско-урбанистичките и Основните проекти, а во завосност од конфигурацијата на теренот каде што претставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања;

При примена на проектните решенија на УП за се што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандарди и нормативи утврдени со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и сл. весник на РСМ бр.215/21), Процена за загрозеност на РМ од природни непогоди и други несреќи (Сл.весник на РМ бр.117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Сл.в. на РМ бр.76/06) и Уредбите за споведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Сл.в. на РМ бр.98/05).

Предвидена е надворешна хидрантска мрежа согласно со Правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл. весник на РМ бр.26/2018).

**Засолнување**

Согласно критериумите од член 62 и 64 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и сл. весник на РСМ бр.215/21), засолнувањето опфаќа, планирање, изградба, одржување и користење на јавни засолништа. Потребниот број на засолнишни места се утврдува според намената на објектот и новопроектираната корисна површина, а степенот на заштита се определува според утврдениот потребен број на засолнишни места и Одлуката за утврдување на загрозени зони (Сл. Весник на РМ бр.105/05);

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје и истите потребно е да се вградуваат во урбанистички проект.

Изградба на засолништа се утврдува според следните критериуми:

- во станбени објекти, на 40м$^2$ корисна површина едно засолнишно место;
- во деловни објекти, на 20м$^2$ корисна површина едно засолнишно место;
- во објекти за складирање, на 80м$^2$ корисна површина едно засолнишно место;
- во образовни, културни, спортски и угостителски објекти, на две третини од бројот на посетители предвиден во проект на објектот.

За солнувањето и заштитата на населението, материјалните добра и културното наследство во Република Македонија се врши со изградба на јавни засолништа и други заштитни објекти во согласност со Програма на Владата на РМ за исклучително загрозени објекти, програми на единиците на локалната самоуправа за јавни засолништа за потребите на подрачјето на секоја одделна општина и во согласност со урбанистичките планови.

Засолнувањето и заштитата на населението се планира и спроведува во веќе изградените засолништа и други заштитни објекти, определени како такви со градежно-техничката документација со која е одобрена градбата.

### Мерки за заштита и спасување од поплави

Заштита и спасување од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата. При изработката на проектната документација за изградба на објектите да се предвидат потребните технички мерки за заштита од поплави како што се: Нивелирање на партерните површини во рамките на парцелата со падови кои ќе овозможат непречено одведување на атмосферските води. Поставување масивни оградни зидови кои ќе спречат продор на поројни води во локацијата, како и други технички мерки по согледување на проектантите а во согласност со важечките технички прописи.

Просторот не е подлежен на поплави, со оглед на конфигурацијата на теренот.

Во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и сл. весник на РСМ бр.215/21), во случај на поплави предизвикани од уривање на брани, атмосферски непогоди и други непогоди да се постапи по следните мерки:

- навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје;
- спроведување наевакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје обезбедување напремин и превоз преку вода;
- спасување на загрозените луѓе на вода и под вода;
- црпење наводата од поплавените објекти и извлекување на удавените;
- обезбедување нанаселението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање напоследиците предизвикани од поплавата.

### Мерки за заштита од пожар

При изработката на овој Урбанистички Проект се предвидени пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и сл. весник на РСМ бр.215/21), и Законот за пожарникарството (С.в. на РМ бр.67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и сл. весник на РСМ бр.152/19) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

- брз и непречен пристап до градбата
- градбите се предвидуваат од тврда градба, со примена на огноотпорни материјали,
- при планирањето е водено сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу објектите

- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбата овозможен е пристап на противпожарно возило од повеќе страни.
- Сообраќајницата е со доволна ширина, што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила,
- во градот се наоѓа противпожарна единица, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар
- обезбедена е доволна количина на вода за гасење на пожар

Планираната сообраќајна инфраструктура, овозможува непречена интервенција на противпожарните возила. Да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари односно ширината на внатрешниот пат за ПП возила не сме да биде помала од 3,5 метри согласно Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (сл. весник на РСМ бр. 231/20) и Законот за пожарникарството (сл. весник на РМ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и сл. весник на РСМ бр.152/19).
Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозиии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарниапарати, според пропишани срандарди. Уредите, инсталацииите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредеди места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележени и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно член 70 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и сл. весник на РСМ бр.215/21), инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција - пренамена е долженда изготви посебен елаборат за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеност ана мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.
За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.
Исто така потребно е да се предвидат надворешни противпожарни хидранти согласно со Правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл. весник на РМ бр.26/18) на растојание од 5м-80м што одговара на прописите за надворешните противпожарни хидранти во населени места да бидат максимално оддалечени Л=80м.
Во рамките на урбанистичкиот опфат имаме предвиден хидранти кој е ставен на одалеченост од објктите.
Громобранската инсталација ќе се реши со Урбанистичките или Основниот проект за објектите посебно со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.
Со оглед на конфигурацијата на теренот што претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.
Да се предвидува мерката од поплави како и мерката за заштита од техничко - технолошки катастрофи согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и сл. весник на РСМ бр.215/21).
Заради организирано спроведување и спасувањето, учесниците во системот донесуваат План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.
Истиот содржи превентивни и оперативни мерки и постапки за заштита и спасување.

### Мерки за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно член 80 Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и сл. весник на РСМ бр.215/21), заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на неексплодирани убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедури за заштита и спасување од не експлодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

### Мерки за заштита од урнатини

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот. Во овој Урбанистички Проект е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на собраќајниците, врз основа на што е изработено планираното решение.

➢За трусноста на подрачјето се донесени заклучоци врз основа на анализи и статистики на земјотресите што се случиле во претходниот период. Во поширокиот круг на Полог земјотресите биле со јачина од 7 – 9 степени МКС. Површински целата територија на општината е потенцијално активна до 8 степени по МКС.

Се предвидува асеизмичка градба.

Во случај на можни разурнувања, планираните решенија на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла на сообраќајниците)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,
- непречена интервенција во кругот на катастрофата,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмичка градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбата, како составен дел на Основниот проект.

Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи (с.в. на РМ број 32/11), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација - елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

### Мерки за сообраќајни несреќи

Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот. Временскиот рок за дејствување на возилата за прва помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника, која за овој плански опфат во реонот на амбуланта и поликлиника би изнесувал од 5 до 10 мин..

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста најблиската противпожарна станица.

### Евакуација

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.
Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

- **Згрижување на загрозеното и настраданото население**

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

- **Радиолошка, хемиска и биолошка заштита**

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив. Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите заради радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

-РХБ извидување на територијата
-дозиметриска контола
-детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје
-лабораториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

- **Прва медицинска помош**

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето-заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените итранспорт до најблиските здравствени установи.
Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош за овој проектен опфат зависи од оддалеченоста на најблискиот медицински центар и болница.

- **Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло**

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизоотии и други несреќи.
Превентивните мерки за заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло ги спроведуваат надлежни органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

### Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминациај и други видови на загрозување.
Превентивните мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежни органи и институции во нивното секојдневно работење.
Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

### Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и аснација на објектите за водоснабдување.
За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Евентуалните отпадоци од некој процес на производството потребно е да се собираат во посебен контејнер. Со тоа ќе се спречи загадување на почвите и на подземните води, а со тоа на животната и работната средина воопшто. Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода. Со прочистување на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на стопанството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенција на човекот.
Носителите на одделните активности за асанација на теренот ќе се утврдуваат според надлежноста на предметниот опфат.

### Мерки за обезбедување на пристапност за лица со инвалидност

За обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидност, сите пешачки површини се планирани со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8,33% или во однос (1:12), согласно член 192 став 1 од Правилникот за за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).
При изработка на проекти за уличната мрежа на секој пешачки премин треба да се предвидат рампи за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот. Поставување на трајна и времена урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува пешачкиот сообраќај а особено на лица со инвалидност со колички.

### Мерки за заштита на културно наследство

Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во урбанистичкот проект се врши според заштитно-конзерваторски основи согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр: 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) и Правилникот за содржина и методологија за изработка на заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Сл. в. на РМ бр. 111/05).
Во рамките на проектниот опфат не постои регистрирано, ниту пак евидентирано културно наследство. Но доколку при реализација на овој УП се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

| СПОРЕДБЕНИ БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ | ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА | |
|---|---|---|
| Проектен опфат | 308 м² | 100% |
| Неизградено земјиште | 308 м² | 100% |

**УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ:** - 308м$^2$

**НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ**


| Површина на опфат (м²) | Број на градежна парцела | Намена на градежна парцела според УП | Површина на градежна парцела (м²) | Мах. површина за градење (м²) | Вкупно изградена површина (м²) | Максимална височина на градбите до венец (м) | Максимален број на спратови | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност К | планиран број на паркинг места | Површина за зеленило (м²) | Површина за зеленило (%) | Партерно уредување (поплочена површина) (м²) | Партерно уредување (поплочена површина) (%) | Кота на нултата плоча (нвм) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 308 | 1 | А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор | 308 | 81 | 162 | 8.2 | П+1 | 26 | 0.53 | 2 | 90 | 29 | 137 | 45 | 930.09 |

**ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА**

Основниот сообраќаен систем во целиот плански опфат го сочинуваат:

**1 ------ 1**

**Некатегоризирана улица**




за работниот тим:

Sirmijete Demiri


Digitally signed by Sirmijete Demiri
Date: 2025.06.10 16:11:40 +02'00'

Сирмијете Демири, дипл.инж.арх. овластување бр: 0.0127
раководител на Урбанистичкиот проект

# ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

**НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ**

| Површина на опфат (м²) | Број на градежна парцела | Намена на градежна парцела според УП | Површина на градежна парцела (м²) | Мах. површина за градење (м²) | Вкупно изградена површина (м²) | Максимална височина на градбите до венец (м) | Максимален број на спратови | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност К | планиран број на паркинг места | Површина за зеленило (м²) | Површина за зеленило (%) | Партерно уредување (поплочена површина) (м²) | Партерно уредување (поплочена површина) (%) | Кота на нултата плоча (нвм) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 308 | 1 | А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор | 308 | 81 | 162 | 8.2 | П+1 | 26 | 0.53 | 2 | 90 | 29 | 137 | 45 | 930.09 |




**Напомена :** Местата за засолнување се предвиени да се изведуваат во подрумските простории согласно одредбидете планирани во текстуалниот дел од УП-то или во некое од предвидените засолништа согласно Програмата за заштита, спасување и управување со кризи на Општина Тетово.

## ЛЕГЕНДА:

- У 1.1 - Граница на проектен опфат - П=308м²
- У-2.1 - Граница на наменска зона
- Р.Л У 3.1 - Регулациона линија
- У 3.2 - Граница на градежна парцела
- У 4.1 - Градежна линија
- У 5.2 - Елементи на сообраќајница
- А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор
- Партерно уредување (поплочена површина)
- Партерно уредување (зеленило)
- блок за нумерација на градежна парцела, класа на намена, висина и катност / нумерација на градба
- Нивелациски коти
- Нивелација
- Паркинг место - 2.5м/5.0м
- влез-излез во парцела
- надворешен водоводен хидранти - се поставуваат на растојание од 5м-80м
- Засолниште во склоп на објект
- Некатегоризирана улица

| | КП.бр | КО. | нумерација на ГП | класа на намена |
|---|---|---|---|---|
| ГРАНИЦА НА ОПФАТ | 1101 | Старо село | 1 | А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор |

**ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ПОВРШИНИ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА**

| Нумерација на градежна парцела | Површина на градежна парцела (м²) | Намена на површини | Површина (м²) | Процент во проектниот опфат (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 308м² | Површина за градење | 81м² | 26% |
| | | Партерно уредување (поплочена површина) | 137м² | 45% |
| | | Партерно уредување (зеленило) | 90м² | 29% |
| | | **ВКУПНО** | 308м² | 100% |

**1 ------ 1**
Некатегоризирана улица


К 2%

11.8м - 16.4м

# Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план,

за формирање на градежна парцела
со основна класа на намена
А1.5 - Куќи во состав на селски стопански двор,
на КП.бр.1101, КО.Старо Село, м.в.Старо лозје,

Општина Јегуновце








TEPLAN
Tel/fax: 044 333 143
ул. „Dimo Gavrovski - Kara„ nr.33/4; Тетово
e-mail: teplan_ing@yahoo.com


со Лиценца број 0026
за изработување на УП

НАРАЧАТЕЛ:
Даниел Стефановски
од с. Јегуновце, - Тетово


Урбанистички проект вон опфат на
урбанистички план,
за формирање на градежна парцела
со основна класа на намена
А1.5 - Куќи во состав на селски стопански двор,
